2026
АПРИЛ–ЈУНИ

Год. 102, бр. 2
Библиски лекции



# СУШТИНАТА НА ПРОРОШТВАТА

Истражување на пророчката служба
на Даниел и Јован.

# Содржина:

САБОТНА
ШКОЛА


1. Вовед во пророштвото........................................ 5
2. Божјиот гласник кај царевите........................................ 10
3. Откриени идните царства........................................ 15
4. Првата визија на Даниел........................................ 20
5. Сменувањето на царствата........................................ 26
6. Видението објаснето........................................ 31
7. Запечатената книга повторно отворена........................................ 36
8. Пророкот од Патмос........................................ 41
9. Змевот, жената и остатокот........................................ 46
10. Ѕверот и белегот........................................ 52
11. Трите ангели........................................ 57
12. Последниот повик........................................ 62
13. Претскажаниот крај........................................ 67


**Библиските лекции** претставуваат програма за секојдневно тематско проучување на Божјото слово, засновано исклучиво на Библијата и Духот на пророштвото, без дополнителни коментари. Цитатите се што е можно пократки за да се обезбедат концизни и директни одговори. Зборовите во заграда ( ) се додадени за полесно разбирање на контекстот и потечно читање. Проучувањето на дадените теми со помош на изворните материјали е мошне препорачливо.


Издавач: Seventh Day Adventist Reform Movement,
General Conference, Sabbath School Department,
Hollins Road, Roanoke, Virginia 24019-5048, USA

За Македонија: Реформно движење на Адвентистите на седмиот ден,
Моше Пијаде 85 - 1300 Куманово
е-маил: asdrdmk@gmail.com
Интернет: www.rdasd.mk
Библиски превод: Стандардна Библија 2006.
Превод: Часлав Дичевски
Одговорен уредник: Часлав Дичевски
Печати: Гераком, Скопје

# Предговор

Библијата е напишана и со божествена помош сочувана за нас како инспиративен водич. Приказните што таа ги содржи ни нудат безброј поуки, како за нашиот личен живот, така и за времето во кое живееме. Овој запис за Божјото дејствување низ историјата на народите и Неговиот народ нѐ охрабрува и нѐ уверува во Неговата љубов. А нејзиното најскапоцено сведоштво – записот за животот и пораката на Исус – буди во нас љубов кон Бога, „бидејќи Тој отпрвин нѐ возљуби“ (1 Јованово 4:19).

Една од прекрасните карактеристики на нашиот Бог што ја наоѓаме во Библијата е Неговото предзнаење – Тој може да го види „во почетокот она што ќе биде на крајот“ (Исаија 46:10). Ова му овозможува со Својата бесконечна сила на „оние што Го љубат Бога и се повикани по Негова волја, сѐ да им содејствува за добро“ (Римјаните 8:28). Не само тоа, туку одвреме-навреме Тој избира да му открие на Својот народ „она што треба да стане скоро“ (Откровение 1:1). Ова ни дава доверба во Неговата љубов и Неговата промисла и претставува еден од доказите за божествената инспирација на Библијата. Фактот дека пророштвата постојано се исполнуваат на страниците на историјата, како и развојот на тековните настани, ни покажува дека Божјата реч е повеќе од човечка измислица.

Пророштвото е од витално значење за Божјите деца. Тој ветува дека ќе ги излие Своите благослови врз оние кои ги читаат и оние „кои ги слушаат зборовите на пророштвото и го пазат напишаното во него“ (Откровение 1:3).

Меѓу записите на пророците се издвојуваат два во кои се содржани детални и систематски предвидувања за историските настани. Овие особени пораки им се доверени на Даниел и Јован, а нивните книги, „Даниел“ и „Откровение“, претставуваат фокус на овој квартал од Библиските лекции.

Во следните три месеци, учениците во Саботната школа ќе ги проучуваат записите на Даниел и Јован, како и некои од суштинските делови на пророштвата што ги запишале. Тие пророштва го поставуваат темелот за разбирање на адвентната порака и на духовните и политичките движења од минатото и сегашноста.

Иако немаме доволно простор за да ги опфатиме сите делови од обете книги во овој квартал, ги охрабруваме учениците подетално да ја проучат целата нивна содржина, заедно со нивната поврзаност со остатокот од Библијата.

Еден од најдобрите достапни извори за учениците и учителите во Саботната школа за разбирање на деталите на овие пророштва е класикот на Урија Смит, „Даниел и Откровение“. Од сѐ срце го препорачуваме како помош во проучувањето на темите на овој квартал.

Наша молитва е да бидете благословени преку проучувањето на овие пророштва, „зашто времето е близу“ (Откровение 1:3).

*Оддел на Генералната конференција за Саботна школа*

# ДАР ВО ПРВАТА САБОТА

Сабота, 4 април 2026



## За Италијанското поле

Италија, прекрасна земја сместена во срцето на Средоземното Море, е позната ширум светот по својата античка историја, неспоредливата уметност, извонредната кујна и прекрасните пејзажи. Освен што е една од водечките туристички дестинации во светот, Италија е исто така и важен производител на индустриски и земјоделски производи. Со над 60 милиони жители, Италија гарантира верска слобода преку својот устав. Сепак, католицизмот останува доминантна религија кај 74% од населението, по што следуваат некатоличките христијански заедници со 9,3% и – како последица на неодамнешните миграциски текови – расте и присуството на муслиманите, кое во моментов изнесува 3,6%. По нив следат други религиозни малцинства, како и сè поприсутниот атеизам и агностицизам.

Пораката на Реформното движење на АСД за прв пат беше проповедана во Италија во 1926 година, но дури во 1939/40 година беа организирани првите групи реформатори. Почнувајќи од 1990-тите, со доаѓањето на некои мисионери од Јужна Америка, Португалија, а потоа и од Романија, делото напредуваше и беа основани и други групи во различни делови од земјата. Оттогаш, пораката континуирано се проповеда и се развива во разни делови на земјата. Денес имаме повеќе од 130 членови во шест цркви, две групи и изолирани членови.

Во моментов имаме само една црковна зграда која се наоѓа на крајниот североисточен дел од земјата, во градот Трст. Сепак, гледаме итна потреба од стратешки простор кој ќе служи како столб на сила и духовен раст за нашиот народ.

Овој простор ќе биде седиште на полето, а неговата централна географска положба ќе им овозможи на голем број браќа да учествуваат во планираните активности, како што се мисионерската обука на млади луѓе преку семинари, музички програми, мисионерски проекти фокусирани на здравствени предавања и часови за готвење базирани на растителна исхрана. Веруваме дека ова место ќе биде фундаментално за унапредување на Господовото дело во Италија, па затоа ги повикуваме нашите браќа, сестри и пријатели од целиот свет великодушно да ја поддржат оваа иницијатива преку своите прилози.

Со Христова благодат и со вашата соработка, ќе ја постигнеме оваа цел, ќе го зајакнеме евангелското дело во оваа земја и ќе ја однесеме пораката за спасението на многу души. Нека Господ ве благослови и ве награди изобилно!

*Вашите браќа од Италијанското поле*

# Вовед во пророштвото

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ:** „А освен тоа, ние имаме нешто уште поверно, а тоа е пророчкото слово; и добро правите што нему му обрнувате внимание, како на светило што свети на темно место, додека денот осамне и Деницата засвети во вашите срца“ (2 Петрово 1:19).

**Предлагаме да прочитате:** *Големата борба, 593–602.*

„Историјата и пророштвата сведочат дека Богот на целата земја ги открива тајните на светот преку своите избрани носители на светлина“ — *Bible Training School, December 1, 1912*.

## 1. БЕСКОНЕЧЕН УМ

Недела, 29 март

**а. Што само Бог може да види? Исаија 46:9,10.**

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

„ЈАС СУМ значи Оној кој е вечно присутен, без почеток и крај; минатото, сегашноста и иднината пред Бога се еднакво откриени. Настаните од најдалечното минато или, пак, од најдалечната иднина Тој ги гледа токму онака како што ние го гледаме она што секојдневно се случува околу нас.“ – *The SDA Bible Commentary [E. G. White Comments], vol. 1, p. 1099.*

**б. Што прави нашиот Господ со Своето знаење? Даниел 2:20-22.**

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

„Над сите земни немири Тој седи на Својот возвишен престол, и пред Неговиот божествен поглед сè е откриено; од Својата прекрасна и мирна вечност Тој управува и одредува да биде само она што во Своето божествено провидение го смета за најдобро.“ – *Здравје и среќа, 417.*

„Во аналите на човечката историја развојот на народите, издигнувањето и падот на царствата изгледаат како да зависат од волјата и вештината на човекот; се чини дека обликувањето на настаните во голема мера е одредено од неговата моќ, амбиција или самоволја. Меѓутоа, во Божјата Реч е подигната завесата, така што низ целата оваа игра на човечки интереси, моќ и страсти можеме да ги согледаме делувањето на силата на Семожниот и речиси нечујното остварување на Неговата волја.“ – *Пророци и цареви, 499.*

**а. Што прави Бог кога е подготвен да ја изврши Својата волја на земјата? Амос 3:7; Откровение 1:1.**

---

„‘Зашто Господ Бог, не прави ништо, а да не им ги открие Своите тајни на Своите слуги пророците’. Додека ‘она што е тајно му припаѓа на Господ, нашиот Бог,’ ‘она што е откриено ни припаѓа нам и на нашите синови довека’. (Амос 3:7; Второзаконие 29:29) Бог ни ги дал овие нешта, а Неговиот благослов ќе го следи стравопочитувачкото проучување на пророчките книги придружувано со молитва.“ – *Копнежот на вековите, 234.*

**б. Зошто Бог ни испраќа такви пораки? 1 Јованово 3:1; Јован 1:12; Колосјаните 1:25–28.**

---

---

„Библијата е прекрасна книга. Таа е историја што ни ги открива минатите векови. Без Библијата би биле препуштени на претпоставки и басни во врска со настаните од минатото. Нејзините пророштва ја откриваат иднината. Божјата реч ни го открива планот на спасението и ни го покажува патот по кој можеме да ја избегнеме вечната смрт и да задобиеме вечен живот. Од сите книги што го преплавиле светот, колку и да се вредни, Библијата е Книга над книгите и најмногу го заслужува нашето проучување и восхитување. Таа не ни ја дава само историјата на овој свет, туку и опис на светот што доаѓа. Таа содржи поуки за чудата на вселената и на нашиот ум му го открива карактерот на Творецот на небото и земјата. Во неа Бог им се открил на луѓето.“ – *The Signs of the Times, January 30, 1893.*

**в. Кое е најважното знаење кон кое треба да се стремиме? Еремија 9:23–24; Јован 17:3; Ефесјаните 3:17–19.**

---

---

„Во Божјото слово умот наоѓа предмети за најдлабоко размислување и за највозвишени стремежи. Тука можеме да општиме со патријарсите и пророците и да го слушаме гласот на Вечниот како им зборува на луѓето. Тука го гледаме небесното Величество како се понижи за да стане наша замена и гаранција, сам да се соочи со силите на темнината и да извојува победа во наша полза. Побожното размислување за ваквите вистини не може а да не го омекне, очисти и облагороди срцето, а во исто време да му вдахне на умот нова сила и енергија.“ – *5 Сведоштво, 25.*

## 3. РАЗБИРАЊЕ НА ЗБОРОВИТЕ

**а. Каква помош ни е потребна за да го разбереме Светото писмо, вклучувајќи ги и пророштвата? Јован 16:7–13.**

---

---

„Бог има намера уште во овој живот вистината постојано да му се открива на Неговиот народ. Ова знаење може да се стекне само на еден начин. Ние можеме да ја сфатиме Божјата реч само со просветлување од Неговиот Дух преку кого е и дадено.“ – *5 Сведоштво, 703*.

„Библијата никогаш не треба да ја проучуваме без молитва. Пред да ги отвориме нејзините страници треба да бараме просветлување од Светиот Дух, и тоа ќе ни се даде. Кога Натанаил дошол кај Исуса, Спасителот извикнал: ‘Еве вистински Израелец во кого нема лукавство!’ Натанаил рекол: ‘Како ме познаваш?’ Исус одговорил: ‘Пред да те повика Филип те видов кога беше под смоквата’ (Јован 1:47–48). И нас Исус ќе нè види на тајните места на молитва ако од Него бараме светлина за да ја препознаеме вистината. Ангелите од светот на светлината ќе бидат со оние кои во понизност бараат од Бога да им го покаже патот.“ – *Патот кон Христа, 91.*

**б. Зошто е важно да не ги следиме сопствените идеи кога ги проучуваме пророштвата? 2 Петрово 1:19–21.**

---

„Кога ја проучувате Божјата реч, оставете ги пред вратата сите однапред оформени мислења и наследени или стекнати идеи. Никогаш нема да ја достигнете вистината ако го проучувате Писмото за да ги оправдате своите ставови. Оставете ги настрана и со скрушено срце пристапете да слушнете што Господ сака да ви каже. Кога понизниот трагач по вистината седи кај Христовите нозе и учи од Него, Речта му дава разбирање. На оние што се сметаат премногу мудри во сопствените очи за да ја проучуваат Библијата, Христос им вели: ако сакате да станете мудри за спасение, станете кротки и понизни по срце.

Не читајте ја Речта во светлината на поранешните мислења, туку со ум ослободен од предрасуди истражувајте ја внимателно и со молитва. Ако при читањето увидите дека вашите омилени ставови не се во склад со Речта, не обидувајте се да ја приспособите Речта на нив. Наместо тоа, усогласете ги своите ставови со Речта. Не дозволувајте минатите верувања или навики да управуваат со вашето разбирање. Отворете ги очите на својот ум за да ги гледате чудесата на Божјиот закон. Откријте што е напишано и утврдете ги своите нозе на вечната Стена.“ – *Messages to Young People, p. 260.*

**а. Како Бог ја соопштува Својата реч, и како треба да ја проучуваме? Исаија 28:9–10.**

„Доказот за вистинитоста на Божјото Слово се наоѓа во самото Слово. Светото Писмо е клуч за разбирање на самото себе. Светиот Дух му ја открива на нашиот ум длабоката смисла на вистината што ја содржи Божјото Слово.“ – *8 Сведоштво, 157*.

„Ако некој го вреднува учењето на Библијата, нема да може да прочита ниту еден единствен стих од неа, а од него да нѐ извлече некоја полезна мисла. Но, највредните поуки од Библијата не можат да се добијат со повремено или неповрзано проучување. Нејзиниот голем систем на вистини не е прикажан така што ќе може да го разбере некој забрзан или невнимателен читател. Многу нејзини богатства лежат длабоко под површината и можат да се најдат само со вредно истражување и долготраен труд. Вистините, кои ја сочинуваат големата целина, мораат да се истражуваат и собираат ‘малку тука, малку таму’ (Исаија 28:10).

Кога ќе се истражат и присоберат на ваков начин, ќе се покаже дека совршено си одговараат една на друга. Секое Евангелие ги надополнува другите, секое пророштво го објаснува другото, секоја вистина понатаму развива некоја друга вистина. Евангелието ги објаснува симболите на јудејскиот систем. Секој принцип во Божјата Реч има свое место, секој факт свое значење. А севкупната структура, и според нацртот и според изведбата, сведочи за својот Автор. Таквата структура не можел да ја замисли ниту да ја создаде ниту еден друг ум, освен умот на Бесконечниот.“ – *Воспитување, 123,124.*

**б. Зошто секој дел од Библијата е важен? Матеј 4:4; Лука 24:27.**

„Ние не смееме да се поведуваме по тврдењата на кој и да е човек во врска со она што го учи Писмото, туку мораме самите за себе да ги проучуваме Божјите зборови... Умот ќе се развива, ако го ангажираме со проучување на меѓусебната поврзаност на библиските теми, со споредување на еден библиски текст со друг, една духовна вистина со друга...

Ние не можеме да стекнеме мудрост без сериозно, внимателно проучување и молитва. Некои делови на Писмото навистина се многу јасни, така што никој не може погрешно да ги сфати; но има и такви чиешто значење не лежи на површината, не се гледа на прв поглед. Треба да се споредува еден библиски текст со друг. Мора грижливо да се проучува, со молитва и размислување. И таквото проучување ќе биде богато наградено. Како што рударот ги открива жилите на скапоцената руда скриена под земјината површина, така и оној, кој трпеливо го проучува Божјото слово, како да бара закопано богатство, ќе ја најде вистината со најголема вредност која била скриена од погледот на немарливиот барател. Вдахновените зборови, ако сериозно се прифатат во срцето, ќе станат слични на потоците кои течат од изворот на животот.“ – *Патот кон Христа, 90.*

## 5. ПРОУЧУВАЊЕ СО МОЛИТВА

Четврток, 2. април

**а. На кој начин нашиот став и нашите избори влијаат врз нашата способност да ги разбереме пророштвата? Даниел 12:10; 2 Тимотеј 3:1–8.**

---

„Духот со кој пристапувате кон истражувањето на Писмото го одредува карактерот на помошникот што ќе биде покрај вас. Ангелите од светот на светлината ќе бидат со оние што во понизност на срцето бараат божествено водство. Но ако Библијата се отвора со непочитување, со чувство на самодоволност, ако срцето е исполнето со предрасуди, сатаната е покрај вас и јасните изјави на Божјата реч ќе ги прикаже во изопачена светлина.“ – *Testimonies to Ministers, p. 108*.

„Сатаната успеал мнозина да ги наведе на мислата дека пророчките делови во споменатите книги на пророкот Даниел и апостолот Јован, не можат да се разберат. Меѓутоа, ние имаме јасно ветување дека од проучувањето од овие пророштва произлегува посебен благослов.“ – *Пророци и цареви, 547*.

**б. Објаснете ја важноста на примената на вистината во личниот живот. Откровение 22:7; Матеј 7:24–27; Јован 7:17.**

---

„Господ ги води кротките затоа што тие дозволуваат да бидат поучени и прифаќаат да бидат упатени. Тие искрено сакаат да ја дознаат Божјата волја и да ја творат. Ветувањето на Спасителот гласи: ‘Ако некој сака да ја врши волјата Негова, ќе разбере дали е ова учење од Бога, или Јас Самиот од Себе зборувам’ (Јован 7:17). А преку апостол Јаков тој објаснува: ‘Ако некому од вас му недостига мудрост, нека ја побара од Бога, Кој на сите им дава изобилно и без приговарање - и ќе му се даде’ (Јаков 1:5). Но овие ветувања се однесуваат само на оние кои со сето срце се подготвени да го следат Господа.“ – *Патријарси и пророци, 384*.

„Ако сакаш да ја познаеш тајната на побожноста, мораш да ја следиш јасната реч на вистината — со чувство или без чувство, со емоции или без емоции. Послушноста мора да се темели на начело, и она што е исправно мора да се следи во сите околности.“ – *Fundamentals of Christian Education, p. 125.*

## ЛИЧЕН ПРЕГЛЕД НА ПРАШАЊАТА

Петок, 3. април

1. **Во однос на знаењето, како Бог се разликува од сите други суштества?**
2. **Што ни открива Бог во списите на пророците, и зошто?**
3. **Кога ја отвораме Божјата реч, за каква помош треба да се молиме?**
4. **Каков труд треба да бидам подготвен да вложам во проучувањето на Библијата?**
5. **Дали сум подготвен да го применам она што го откривам во Божјата реч?**

# Божјиот гласник кај царевите

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ:** „И им дарува Бог на четирите момчиња знаење и разбирање на секаква книга и мудрост, а на Даниил му подари уште да толкува и секакви виденија и соништа“ (Даниел 1:17).

**Предлагаме да прочитате:** *Пророци и цареви, 479–490.*

„Животот на Даниел и неговите другари ни даваат пример на она што Бог може да направи за оние кои Му се покоруваат сесрдно настојувајќи да ја исполнат Неговата цел.“ — *Пророци и цареви, 490.*

## 1. ЗАРОБЕНИЦИ ВО ВАВИЛОН

Недела, 5. април

**а. Како Даниел се нашол во Вавилон? Даниел 1:1-7.**

__________________________________________________________________________

**б. Што произлегло од одлуката на Даниел во врска со јадењето од царската трпеза? Даниел 1:8-16.**

__________________________________________________________________________

„Храната од царевата трпеза била посветена на идоли, и еден нејзин дел им бил жртвуван. Оној кој би земал таква храна, би бил сметан за почитувач на вавилонските богови. Верноста кон Господа им забранувала на Даниел и неговите другари така да постапуваат...

Исто така, тие не смееле да се изложуваат на опасното влијание на раскошот и расипништвото на телесниот, душевниот и духовниот развој.“ — *Пророци и цареви, 481,482*.

„Кога Даниел и неговите другари беа ставени на испит, тие целосно застанаа на страната на правдата и вистината. Не постапија самоволно или непромислено, туку разумно и свесно. Одлучија дека, бидејќи месото не било дел од нивната исхрана во минатото, нема да стане дел од нивната исхрана ни во иднина. А бидејќи употребата на вино беше забранета за сите што служат во Божјата служба, решија да не земаат од него.“ — *In Heavenly Places, p. 261*.

**в. Опишете го експериментот и царското испитување. Даниел 1:17-21.**

__________________________________________________________________________

**а. Под закана со смрт, како биле Евреите испитани во однос на нивната верност кон втората заповед? Даниел 3:1-15.**

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

„Сите не се поклониле на идолопоклоничкиот симбол на човечка сила. Покрај мноштвото кое се поклонувало се наоѓале тројца луѓе кои што биле цврсто решени да не му нанесуваат на таков начин срам на Небесниот Бог. Нивниот Бог бил Цар над царевите и Господар над господарите, и тие нема да му се поклонуваат на никој друг.“ — *Пророци и цареви, 506.*

**б. Како успеале да ја зачуваат својата вера и послушност? Даниел 3:16-18; Исаија 43:1,2**

______________________________________________________________________

„Царевите закани биле залудни. Тој не можел да ја разниша приврзаноста на овие луѓе на Владетелот на целата вселена. Тие од историјата на своите татковци научиле дека непослушноста кон Бога значи срам, несреќа и смрт, и дека стравот Божји е почеток на мудроста; темел на секој вистински просперитет. Гледајќи мирно во печката тие рекле: ‘Ние не треба да ти одговориме на тоа. Нашиот Бог, на кого му служиме, може да нè избави од вжарената печка, и ќе нè избави од твоите раце, царе’. Нивната вера сè повеќе јакнела додека зборувале дека Бог ќе ги спаси за своја слава; потоа, со победоносна увереност која произлегува од верата во Бога, додале: ‘А и да не нè избави, знај, царе, ние нема да им служиме твоите богови, ниту ќе се поклониме на златниот кип, што си го поставил.’“ — *Пророци и цареви, 507,508*.

**в. Како Бог бил прославен во нивното избавување? Даниел 3:19, 20, 24-28.**

______________________________________________________________________

„Царот набљудувал од својот престол, очекувајќи луѓето кои што пркоселе да бидат потполно уништени. Но неговото победоносно расположение одненадеж се изменило… и во четвртото лице кое се наоѓало среде огнот, царот го препознал Божјиот Син.

Заборавајќи на својата големина и достоинство, Навуходоносор се симнал од престолот…

И тогаш Седрах, Мисах и Авденаго излегле пред огромното мноштво неповредени…

Бил заборавен големиот златен кип, поставен со толкав сјај. Луѓето стравувале и трепереле во присуство на живиот Бог.“ — *Пророци и цареви, 509,510.*

**а. Како Бог му зборувал на царот Навуходоносор? Даниел 4:4-7.**

____________________________________________________________________

„Не е ни чудо што овој победник, славољубив горд владетел, дошол во искушение да скршне од патот на понизноста, кој единствено води во вистинска големина... Бог во својата милост му дал на царот уште еден сон за да му укаже на опасноста и да го спаси од стапицата која би ја предизвикале неговата пропаст.“ — *Пророци и цареви, 515*.

**б. Кога Даниел конечно бил повикан да го протолкува сонот, каков бил неговиот совет до царот? Даниел 4:20-27.**

____________________________________________________________________

____________________________________________________________________

„На Даниел му било јасно што значи сонот и тоа оставило длабок впечаток врз него...

Пророкот сфатил дека Бог му доверил сериозна должност да му ја открие казната на Навуходоносор која ќе го снајде заради неговата злоба и занесување.“ — *Пророци и цареви, 517*.

„Бидејќи верно го протолкувал сонот, Даниел го повикал горделивиот владетел да се покае и да се обрати на Бога, за да прави тоа што е праведно за да ја спречи несреќата.“ — *Пророци и цареви, 518*.

**в. Принуден на тежок и понижувачки начин да се поучи, како царот беше наведен да го прослави Бога преку службата на Даниел.? Даниел 4:34-37.**

____________________________________________________________________

„Седум години Навуходоносор предизвикувал чудење кај сите свои поданици, седум години бил понижен пред целиот свет. Потоа му се вратил разумот, и кога во понизност му се обратил на небесниот Бог, ја препознал Божјата рака во казната која го снашла. Јавно ја признал својата вина и големата Божја милост во своето оздравување...

Некогашниот лош владетел станал понизно Божјо дете; тиранинот и диктатор станал мудар и сочувствителен цар. Оној кој му пркосел на Бога и хулел на Него, сега ја признал власта на Севишниот и срдечно се трудел да поттикне во срцата на своите поданици Господов страв и да придонесе за нивната благосостојба...

Така била исполнета Божјата цел да го слави најголемото царство на светот. Ова Навуходоносорово јавно признание за милоста, добрината и Божјата власт бил последниот чин од неговиот живот кој што бил запишан во светата историјата.“ — *Пророци и цареви, 520,521.*

**а. Кој драматичен настан одненадеж го прекина Валтазар, потомок на Навуходоносор, додека пркосно хулеше на небесниот Бог? Даниел 5:1-6.**

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

„ Учествувајќи уште во младоста во царската власт, Валтасар се гордеел со својата сила и се подигнал во срцето против небесниот Бог. На него му се пружале многубројни можности да ја запознае Божјата волја, да ја разбере својата должност и да и се покори. Му било познато дека со Божја одлука неговиот дедо бил прогонет од човечката заедница; знаел за неговото обратување и чудесното оздравување. Но Валтасар дозволил љубовта кон задоволствата и лукавството да ги избришат поуките кои не смеел никогаш да ги заборави.“ — *Пророци и цареви, 522,523.*

**б. Како Даниел повторно беше доведен да ја пренесе Божјата порака на еден незнабожечки цар? Даниел 5:8-16.**

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

„Пророкот најпрво го потсетил Валтасар на она што му било добро познато, а од кое не извлекол никаква поука на смирение која би можела да го спаси. Говорел за Навуходоносоровиот грев и пад, и за начинот на кој Господ со него постапувал за царството и славата кои му биле дарувани, за божествената казна заради неговата злоба и за подоцнежното признавање на силата и милоста на Израеловиот Бог. А потоа смело и силно го укорил Валтасар заради неговото големо беззаконие.“ — *Пророци и цареви, 529*.

**в. Како се исполни Даниеловото толкување таа ноќ? Даниел 5:17, 25-31.**

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

„Додека царот сѐ уште се наоѓал во раскошниот двор опкружен со оние на кои што пропаста им била одлучена, дошле гласниците да му јават ‘дека градот е преземен’, од непријатели од чие оружје не се плашел; ‘дека бродовите се заземени... а јунаците исплашени’. (Стихови 31,32). Додека тој со своите поглавари пиел од светите Господови садови, славејќи го своето злато и сребро, Мидјаните и Персијците го смениле текот на Еуфрат и навлегле во самото средиште на небранетиот град. Кировата војска веќе се наоѓала под ѕидините на дворецот и градот бил полн со непријателски војници ‘како гасеници’, (Стих 14) така што нивните победнички извици ги надминувале очајаничките извици на изненадените учесници на оргиите.“ — *Пророци и цареви, 531.*

## 5. ВО ЛАВОВСКАТА ЈАМА

Четврток, 9. април

**а. Зошто верноста на Даниел кон Бога доведе до прогонство? Даниел 6:1-5.**

______________________________________________________________________

„Почестите кои со кои Даниел бил опсипуван предизвикале злоба кај водечките луѓе во царството, па барале прилика за да го обвинат...

Даниеловото беспрекорно однесување уште повеќе предизвикало завист кај неговите непријатели...

Најпосле старешините и кнезовите се посоветувале помеѓу себе и смислиле план да го уништат пророкот.“ — *Пророци и цареви, 539,540.*

**б. Што се случи како последица на Даниеловото одбивање да попушти? Даниел 6:11-17.**

______________________________________________________________________

„И покрај тоа што знаел какви последици ќе има заради верноста кон Бога, неговиот дух не се поколебал. Пред оние кои му ја кроеле неговата пропаст, тој не дозволил дури ни да изгледа дека неговата врска со небото е прекината. Даниел би се покорил во сите прашања во кои царот имал право да заповеда; но ни царот ниту неговата заповед не можеле да го натераат да отстапи од својата верност кон Царот над царевите.“ — *Пророци и цареви, 540.*

**в. Како Бог повторно беше прославен преку Својот слуга? Даниел 6:19-23, 27.**

______________________________________________________________________

„Бог не ги спречил Даниеловите непријатели да го фрлат во лавовска јама. Тој им дозволил на злите ангели и расипаните луѓе до таа мерка да си ги исполнат желбите, но само заради тоа, што повеќе да се истакне избавувањето на својот слуга а поразот на непријателите на вистината и неправдата да го направи потполн. ‘Зашто и преку човековиот бес Ти ќе се прославиш’, (Псалм 76:10) посведочил псалмистот. Храброста на овој човек, кој одлучил подобро да оди по правиот пат отколку да попушти, му донел пораз на сатаната, а слава и чест на Божјото име.“ — *Пророци и цареви, 543.*

## ЛИЧЕН ПРЕГЛЕД НА ПРАШАЊАТА

Петок, 10. април

1. **Како можеме и ние денес да ги следиме мудрите избори на четворицата Евреи?**
2. **Како поминувањето низ искушенијата може да нè зајакне и да отвори врата за сведоштво пред светот?**
3. **Кои поуки ги научи царот Навуходоносор што доведоа до неговото преобраќање?**
4. **Што можат денешните водачи да научат од последната ноќ на Валтазар во Вавилон?**
5. **Како приказната за Даниел може да го охрабри Божјиот народ кој се соочува со прогонство?**

# Откриени идните царства

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ:** „Тој ги контролира времињата и годините, соборува цареви и поставува цареви, дава мудрост на мудри и знаење на разумни“ (Даниел 2:21).

**Предлагаме да прочитате:** *Пророци и цареви, 491–502*

„Силата на народот и на поединецот не почива врз материјални средства што ги прават непобедливи во очите на луѓето, ниту се наоѓа во самофалната големина. Таа сила се мери со верноста со која тие ја остваруваат Божјата намера.“ — *Пророци и цареви, 502.*

## 1. ВПЕЧАТЛИВ СОН

Недела, 11. април

**а. Што заповеда царот Навуходоносор откако се разбуди од вознемирувачкиот сон? Даниел 2:1, 2.**

____________________________________________________________________

**б. Како одговорија царските советници на неговото необично барање? Даниел 2:3-7.**

____________________________________________________________________

„Царот знаел дека, ако тие навистина умеат да му го протолкуваат сонот, тогаш ќе можат да му кажат и што сонувал. Господ, во Своето провидение, му го дал на Навуходоносор овој сон, но направил царот да ги заборави неговите подробности — кои оставиле толку страшен впечаток врз неговиот ум — за да се разоткријат измамите на вавилонските мудреци.“ — *Посветен живот, 34.*

**в. И покрај нивните тврдења дека се поврзани со духовниот свет и задгробниот живот, што признаа овие вавилонски мудреци? Даниел 2:8-11.**

____________________________________________________________________

„Плашејќи се од последиците од својот неуспех, волшебниците се обиделе да го убедат царот дека неговото барање е наразумно, дека било кога некогаш не е побарано такво нешто од некој човек.“ — *Пророци и цареви, 492.*

## 2. ДАНИЕЛ ИНТЕРВЕНИРА

**а. Како реагира царот на неуспехот на мудреците да го откријат и протолкуваат неговиот сон, и како се вмеша Даниел? Даниел 2:12-16.**

„Со цел да се изврши царската наредба, старешините помеѓу останатите го побарале Даниел и неговите другари. Кога му било кажано дека според царската наредба и тој мора да биде погубен, Даниел „со мудри и умни зборови" го запрашал Ариох, заповедникот на стражарите: „Зошто е дадена таква брза наредба од царот?" Ариох му ја раскажал царевата загриженост во врска со необичниот сон и дека не успеал да добие помош од оние врз кои до тогаш имал целосна доверба. Слушајќи го ова, Даниел ризикувајќи го животот се осмелил да излезе пред царот, молејќи да му остави време за да му се обрати на Бога со молба да му го открие сонот и неговото значење.

Владетелот го задоволил барањето. 'Потоа отиде Даниел во домот свој, и им ја кажа работата на Ананиј, Мисаил и Азариј, своите другари'. Заедно побарале мудрост од Изворот на светлината и знаењето. Верата им била силна, зашто биле свесни дека Бог ги поставил на тоа место, да го работат Неговото дело извршувајќи ја својата должност." — *Пророци и цареви, 493.*

**б. Што можеме да научиме од начинот на кој Даниел и неговите другари се молеа во оваа прилика? Даниел 2:17-23.**

„Во денови на збунетост и опасност, тие секогаш Му се обраќале за водство и заштита, и Тој секогаш им пружал помош. Сега со смерни срца повторно се покориле пред Судијата на цела земја, молејќи Го да им подари ослободување во моментот на оваа посебна неволја. И залудно не се молеле. Бог кого го почитувале, и сам одговорил со почитување. Духот Господов почивал врз нив, и на Даниел 'во ноќно видение' му бил откриен царевиот сон и неговото значење." — *Пророци и цареви, 493,494*.

„(Четворицата Евреи) не залудно ја побараа Божјата милост. Потоа Даниел ги собра своите другари и Му заблагодарија на Бога што ги слушна и ги услиши нивните молитви, па Му принесоа жртва на пофалба и благодарност, која на Владетелот на вселената Му беше целосно прифатлива.

„И рече тогаш Даниел: Нека е благословено името на Господ од века и довека, зашто во Него има мудрост и сила. Тој ги контролира времињата и годините, соборува цареви и поставува цареви, дава мудрост на мудри и знаење на разумни.

Тој открива што е длабоко и сокриено, знае што има во темнината и светлината живее со Него".

Даниел и неговите другари се собраа во молитва, и целиот небесен универзум се соедини со нив во благодарност." — *The Youth's Instructor, November 22, 1894.*

**а. Како му се обрати Даниел на Навуходоносор во врска со откривањето на неговиот сон? Даниел 2:24-30.**

______________________________________________________________________

„Замислете го еврејскиот пленик, мирен и сталожен, во присуство на најмоќниот цар на светот. Во своите први зборови тој истакнал пред сè, дека честа не му припаѓа на Данило, туку на Бога како Извор на секоја мудрост. На загриженото царево прашање: 'Можеш ли да ми го кажеш сонот што го сонив и што значи?' Даниел одговорил: 'Тајните кои што не можат мудреците да му ги кажат ниту ѕвездарите ниту волшебниците ниту гатачите. Туку има Бог на небото кој ги открива тајните и му соопшти на царот Навуходоносор она што ќе биде во последните денови.'" — *Пророци и цареви, 494-497.*

„Еврејскиот заробеник стоеше пред владетелот на најмоќното царство што сонцето некогаш го осветлило. И покрај своето богатство и слава, Навуходоносор беше во голема душевна мака, а младиот прогнаник беше спокоен и среќен во својот Бог. Тогаш, повеќе од кога било, Даниел имаше можност да се возвиши — да ја истакне сопствената добрина и својата надмоќна мудрост. Но неговиот прв чекор беше да се откаже од секоја чест за себе и да го возвиши Бога како Извор на мудроста." — *The Youth's Instructor, September 1, 1903.*

**б. Опишете го ликот што царот го виде во својот сон. Даниел 2:31-33.**

______________________________________________________________________

„Слушајќи со свечено внимание како се изнесува секој детал, царот го препозна сонот што толку го вознемируваше и беше подготвен благонаклоно да го прими неговото толкување." – *The Youth's Instructor, 1 септември 1903.*

„Царот над царевите се подготвувал да ја изнесе големата вистина на вавилонскиот владетел. Бог сакал да покаже дека Тој всушност владее над царевите на овој свет, дека има моќ да поставува и да соборува цареви. Требало во граници на можностите да разбуди кај Навуходоносор чувство на одговорност кон Небото. Пред него ќе се откријат случувањата на иднината, сè до крајот на векот." — *Пророци и цареви, 498.*

**в. Што се случи со ликот додека царот го гледаше? Даниел 2:34, 35.**

______________________________________________________________________

**а. Кое беше значењето на главата направена од злато? Даниел 2:36-38.**

„Под царот Навуходоносор, Вавилон беше најбогатото и најмоќното царство на земјата. Дури и перото на вдахновението може само бледо да го опише неговото богатство и сјај.“ — *The Youth’s Instructor, September 29, 1903.*

**б. Кои царства беа означени со следните метали? Даниел 2:39, 40.**

„Пророците претскажувале подигнување и напредок на големите светски царства Вавилон, Медо-Персија, Грција и Рим „.“ — *Пророци и цареви, 535*.

„Даниел... му објави на Навуходоносор дека неговото царство ќе биде заменето. Неговата величина и моќ во Божјиот свет ќе имаат свое време, по кое ќе се издигне второ царство, кое исто така ќе има свој период на испит — дали ќе го возвишува единствениот Владетел, единствениот вистински Бог. Ако не го направи тоа, неговата слава ќе избледи и трето царство ќе го заземе неговото место. Испитано преку послушност или непослушност, и тоа ќе помине; а четвртото, силно како железо, ќе ги потчини народите на светот. Овие предвидувања на Бесконечниот, запишани на пророчките страници и проследени низ историјата, се дадени за да покажат дека Бог е владејачката сила во работите на овој свет. Тој ги менува времињата и периодите, ги отстранува царевите и поставува цареви за да ја исполни Својата намера.“ — *The Youth’s Instructor, September 29, 1903.*

„Вавилон пропадна затоа што во својот просперитет го заборави Бога и славата на својот просперитет ја припиша на човечките достигнувања.

Медо-персиското царство беше погодено од небесниот гнев затоа што во тоа царство Божјиот закон беше прегазен. Стравот Господов немаше место во срцата на луѓето. Преовладувачките влијанија во Медо-Персија беа злоба, богохулење и расипаност.

Царствата што следуваа беа уште поподли и поискварени. Тие се влошуваа и пропаѓаа затоа што ја отфрлија верноста кон Бога. Како што Го заборавaa, тонеа сè пониско и пониско на скалата на моралните вредности.“ — *The Youth’s Instructor, September 22, 1903.*

**в. По што се разликуваа царствата претставени со стапалата и прстите? Даниел 2:41-43.**

„Положбата на сегашната генерација е, според ликот што го видел Навуходоносор, прикажана со меѓусебно раздвоени прсти на нозете, кои се составени од толку трошен материјал што не е можно да се одржат заедно.“ — *1 Сведоштво, 360.*

## 5. БОЖЈОТО ЦАРСТВО ЌЕ СТОИ ДОВЕКА — Четврток, 15. април

**а. Кое царство ќе стави крај на целиот систем на светски сили? Даниел 2:44, 45.**

______________________________________________________________________

„Сонот за големиот лик, кој на Навуходоносор му ги открил случките до крајот на земската историја, бил даден за тој да разбере каква улога треба да одигра во историјата на светот и во каков однос би требало да биде неговото царство кон небесното царство. Во толкувањето на сонот јасно му било покажано на воспоставување на вечното Божјо царство.“ — *Пророци и цареви, 503.*

**б. Кога ќе започне славното владеење на Божјото царство? Јован 18:36; Матеј 25:31-34; 26:64; Откривење 6:15-17.**

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

„Нашето царство не е од овој свет. Ние очекуваме нашиот Господ да дојде од небото со сила и слава, да ги укине сите овоземни сили и власти и да го воспостави Своето вечно царство... Пророштвото покажува дека големиот Божји ден е мошне близу, и дека нагло се приближува .“ — *1 Сведоштво, 360*.

**в. Како одговори царот на Даниеловиот успех во откривањето на неговиот сон? Даниел 2:46-49.**

______________________________________________________________________

„Објаснувањето на сонот од страна на Даниел го наведе царот да му укаже чест и достоинство нему и на неговите другари... Тројцата другари на Даниел беа поставени за советници, судии и управители во земјата. Тие не се исполнија со гордост, туку видоа и се радуваа што Бог беше признат над сите земни владетели и што Неговото царство беше возвишено над сите земни царства.“ — *The Youth’s Instructor, September 8, 1903*.

## ЛИЧЕН ПРЕГЛЕД НА ПРАШАЊАТА — Петок, 17. април

1. **Што откри царот Навуходоносор во врска со своите доверливи мудреци?**
2. **Што е значајно во фактот што молитвата на благодарност на Даниел е запишана, но не и неговата молитва со која бара помош?**
3. **И покрај тоа што беше најмудриот човек во Вавилон, каква особина имаше Даниел?**
4. **Опиши ги карактеристиките на царствата претставени со различните материјали.**
5. **Кога ќе се исполни делот од сонот во врска со каменот?**

# Првото видение на Даниел

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ:** „Видов како тој рог водеше борба со светиите и ги надвиваше, додека најпосле не дојде Старецот по определени дни и судот беше даден на светиите од Севишниот, па настапи време светиите да го завладеат царството“ (Даниел 7:21,22).

**Предлагаме да прочитате:** *Големата борба, 479–491; Рани списи, 54-56. Откровение 12:6.*

„Бидејќи се приближуваме кон крајот на историјата на овој свет, мораме да посветиме посебно внимание на пророштвата кои ги запишал Даниел, затоа тие се однесуваат на времето во кое живееме.“ — *Пророци и цареви, 547.*

## 1. ЧЕТИРИ ВЕТРОВИ, ЧЕТИРИ ЅВЕРОВИ

Недела, 19. април

**а. Кога Даниел го прими своето прво пророчко видение и како реагира на него? Даниел 7:1, 15, 16 (прв дел).**

______________________________________________________________________

„Кратко време пред падот на Вавилон, кога Даниел размислувал за тие пророштва и барал од Бога да му го протолкува времето, му било дадено цело видение за подигање и падот на царствата. Во првите виденија, како што е запишано во седмата глава од книгата на Даниел, дадено е едно толкување; сепак на пророкот не му било сè јасно.“ — *Пророци и цареви, 553.*

**б. Што беше претставено со природните елементи што беа видени? Даниел 7:2; Откровение 17:15; Еремија 25:31-33.**

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

**в. Како ангелот го објасни значењето на четирите големи ѕверови што се појавија? Даниел 7:3, 16 (последниот дел), 17.**

______________________________________________________________________

„Големите светски царства што владееле со светот, му се претставени на пророкот Даниел со ѕверови.“ — *Големата борба, 439,440.*

**а. Кој беше првиот од четирите ѕверови и кое царство го претставуваше? Даниел 7:4; Еремија 50:17; Авакум 1:6-8.**

_______________________________________________________________________

_______________________________________________________________________

„(Вавилон) не ја исполни Божјата намера; и кога дојде времето што Тој го одреди, ова царство на гордост и сила, управувано од луѓе со највисок разум, беше скршено, разбиено и беспомошно. Христос изјави: 'Без мене не можете да направите ништо.' Славните државници на Вавилон не се сметаа зависни од Бога. Мислеа дека сами го создале целото свое величие и возвишеност. Но кога Бог проговори, тие беа како трева што венее и како цвет што овенува. Само Божјата реч и Неговата волја траат довека." — *The Youth's Instructor, September 29, 1903.*

**б. Како беше опишан вториот ѕвер и кое царство го претставуваше? Даниел 7:5.**

_______________________________________________________________________

„На секој народ кој се појавил на сцената на настаните му било дозволено да го заземе своето место на Земјата за да може да се види дали ќе ја исполни намерата на 'Стражарот и Светецот' (Даниел 4:13). Пророштвото го најавило подемот и падот на големите светски царства - Вавилон, Медо-Персија, Грција и Рим. Со секое од нив, како и со народите чија што моќ била помала, историјата се повторувала. Секое царство поминало низ период на проба, секое изневерило, славата му избледела, моќта исчезнала, а неговото место го зазело друго царство.

Иако народите ги отфрлувале Божјите принципи, и со тоа отфрлување ја предизвикувале својата сопствена пропаст, сепак било очигледно дека божествената семоќна намера се исполнувала во сите нивни движења." — *Воспитување, 176,177.*

**в. Кои необични елементи го карактеризираа третиот ѕвер, кој го претставуваше Грчкото царство? Даниел 7:6.**

_______________________________________________________________________

„Ако овие царства постојано го имаа пред себе стравот Господов, ќе им беа дадени мудрост и сила што ќе ги држеа обединети и силни. Но владетелите на светските царства Го правеа Бога своја сила само кога беа притиснати и збунети... Беа принудени да им се обратат на оние чиј ум беше осветлен со небесна светлина за да им ги објаснат тајните што не можеа да ги разберат." — *The Youth's Instructor, September 29, 1903.*

**а. Зошто било толку тешко со природни (вообичаени) термини да се опише четвртиот ѕвер? Даниел 7:7.**

---

„Светиот Дух световните царства ги претставува со симболи на сурови грабливи ѕверови; но Христос е ‘Јагне Божјо, Кое ги зеде гревовите на светот врз Себе’ (Јован 1:29). Во Неговиот план на владеење нема место за брутална сила за присилување на совеста.“ — *Христовите поуки, 77.*

„Крстот бил знак на силата на Рим. Тој бил орудие на најсвиреп и најпонизен облик на смрт. Најлошите злосторници морале да го носат крстот до местото на кое се извршувала смртната казна и често, кога го поставувале врз нивните рамена, тие се спротивставувале со очајна сила, сè додека не биле совладани и орудието за мачење било приврзано за нив.“ — *Копнежот на вековите, 416,417.*

**б. Што беше видено меѓу роговите на четвртиот ѕвер? Даниел 7:8.**

---

„Во шестиот век папството веќе силно се зацврстило. Седиштето на неговата власт било поставено во царскиот град, а римскиот бискуп бил прогласен за глава над целата црква. Незнабоштвото му го отстапило местото на папството. Змевот му ја дал на ѕверот ‘силата своја, и престолот свој, и голема власт’ (Откровение 13:2). И така започнало илјада двесте и шеесет годишното папско угнетување, претскажано во пророштвото на Даниел и Откровението (Даниел 7:25; Откровение 13:5-7). Христијаните биле принудени да бираат: да ја напуштат правилноста на својот став и да ги прифатат папските церемонии и папското богослужение, или својот живот да го завршат во затвори, на разни направи за мачење или од џелатските секири. Тогаш се исполнувале Христовите зборови: ‘Ќе бидете предадени исто така и од родители, и од браќа, и од роднини и од пријатели, а некои од вас ќе бидат и убиени; и ќе бидете намразени од сите, заради Моето име’ (Лука 21:16,17). Настапило прогонство против верните со поголем гнев отколку кога било досега и светот станал огромно бојно поле. Стотици години Христовата црква наоѓала засолниште во осаменост, во изолација и во повлеченост. Пророкот тоа го прикажува вака: ‘Жената побегна во пустина, каде што имаше приготвено место од Бога за да ја хранат таму илјада двесте и шеесет дена’ (Откровение 12:6. повикан да го протолкува “ — *Големата борба, 54,55*.

**в. Што сакаше да дознае Даниел откако го виде видението? Даниел 7:19, 20.**

---

**а. Што објасни ангелот во врска со страшниот четврти ѕвер, кој го претставуваше Римското царство? Даниел 7:23.**

**б. Што беше откриено за малиот рог? Даниел 7:24.**

„Огромното Римско царство се распадна на делови, а од неговите урнатини се издигна таа моќна сила — Римокатоличката црква. Оваа црква се фали со својата непогрешливост и со својата наследена вера. Но оваа религија претставува ужас за сите што се запознаени со тајната на беззаконието. Свештениците на оваа црква ја одржуваат својата превласт држејќи го народот во незнаење за Божјата волја, како што е откриена во Светото писмо.“ — *The Youth’s Instructor, September 22, 1903.*

**в. Против кого ќе биде насочен гневот на силата на малиот рог? Даниел 7:21, 25.**

„Доаѓањето на Римската црква на власт го означува почетокот на мрачниот среден век. Како што растела нејзината моќ, темнината станувала сѐ погуста. Верата од Христос, кој го претставува нејзиниот вистински темел, била пренесена на Римскиот папа. Наместо да се обраќаат на Божјиот Син за простување на гревовите и за вечно спасение, народот гледал во папата и неговите ополномоштени свештеници и црковни великодостојници. Луѓето биле учени дека папата е нивен земен посредник и дека само преку него можат да се приближат до Бога, дека тој стои пред нив наместо Бога и дека сите безусловно мораат да му се покоруваат. Непочитувањето на неговите барања била доволна причина виновниците да бидат најстрого казнети, и изложени на најтешки мачења на телото и душата. Така мислите на народот биле одвраќани од Бога, а биле упатувани на грешни луѓе, свирепи и наклонети кон заблуди, дури повеќе од тоа, на самиот кнез на темнината, кој преку нив ја извршувал својата власт. Гревот бил маскиран со облека на светост. Кога Библијата ќе се забрани и кога за најголем авторитет ќе почне да се смета човекот, тогаш можеме да очекуваме само лага, измама и понижувачко беззаконие. Со издигањето на човечките закони и традиции се појавила расипаност што секогаш е последица на отфрлањето на Божјиот закон.

Тоа биле денови на опасност за Христовата црква. Верни знаменосци навистина имало малку. Иако вистината не била оставена без сведоци, сепак понекогаш изгледало дека заблудата и суеверието целосно ќе надвладеат, а вистинската религија ќе исчезне од земјата. Евангелието било изгубено од вид, додека верските обреди биле умножени, а луѓето оптоварени со строго извршување на надворешни прописи на побожност.“ — *Големата борба, 55*.

## 5. СУДОТ

Четврток, 23. април

**а. Што ќе се случи за да се стави крај на власта на малиот рог? Даниел 7:26.**

„Оние четириесет и два месеци имаат исто значење како и она ‘едно време, две времиња и половина време’, три и пол години или 1260-те дена од Даниел 7. глава - односно го означуваат времето во кое папската власт ќе го угнетува Божјиот народ. Овој временски период, како што е изнесен во претходните глави, почнал со папската превласт во 538. година по Христа, а завршил во 1798. година. Во тоа време француската војска го заробила папата; папската власт добила смртна рана и се исполнило пророштвото: ‘Кој во прогонство води, во прогонство и ќе биде одведен.’“ — *Големата борба, 439.*

**б. Како е опишано заседавањето на судот? Даниел 7:9, 10, 13.**

---

„Христовото доаѓање што е опишано овде не е Неговото второ доаѓање на земјата. Тој доаѓа пред Старецот на небото да прими власт, слава и царство што ќе му бидат дадени на крајот на Неговата посредничка служба.“ — *Големата борба, 480.*

**в. Каков ќе биде резултатот од судот? Даниел 7:11, 14, 18, 22, 26, 27.**

---

---

„Со големиот план на спасението светот ќе биде вратен во својата првобитна состојба. Сè што било загубено со гревот, со Божјата милост повторно ќе биде вратено. Искупен е не само човекот, туку и целата земја да биде вечна татковина на послушните. Сатаната шест илјади години со сите сили се бори земјата да ја задржи под своја власт. Сепак, првобитната Божја цел, она заради што земјата и е создадена, конечно ќе се оствари. ‘Потоа, светиите на Севишниот ќе го земат царството и ќе владеат со него во векови’ (Даниел 7:18).“ — *Патријарси и пророци, 342*.

## ЛИЧЕН ПРЕГЛЕД НА ПРАШАЊАТА

Петок, 24. април

1. **Опиши ги четирите ѕверови што Даниел ги видел како излегуваат од морето.**
2. **Наведи ги царствата што ги претставуваа ѕверовите и како се исполнија нивните карактеристики.**
3. **Што ја направи силата на малиот рог поинаква од другите прикажани сили?**
4. **Кои беа „големите“ зборови на силата на малиот рог?**
5. **Кому судот ќе му ја додели власта над земјата и кога?**

# ДАР ВО ПРВАТА САБОТА

Сабота, 2. мај 2026.



## За светските мисии

На дваесет и четвртото делегатско заседание на Генералната конференција беа претставени многу новоотворени мисии. Нашите срца се исполнети со радост поради овој напредок во сегашната вистина, и секако се радуваме на отворањето на уште нови такви полиња, зашто целиот свет треба да биде осветлен со Божјата слава.

Постојат повеќе начини на кои можеме да соработуваме во делото на спасување души на нови места. „Бидејќи секој кој ќе го повика името Господово, ќе биде спасен.

Но како да Го повикаат Оној во Кого не поверувале? Како, пак, да поверуваат во Оној за Кого не слушнале? А како да слушнат, ако нема кој да проповеда? И како да проповедаат, ако не бидат испратени, како што е напишано: ‘Колку им се прекрасни нозете на оние, што благовестат мир, што го благовестат доброто?’ (Римјаните 10:13–15). И работниците и оние што го финансираат делото се одрекуваат од себе на различни начини за да ги спасат изгубените овци.

„Кога сите во нашите градови би биле во состојба да сфатат колку некогаш било тешко да се почне со работа во местата кои подоцна станале значајни центри за работа, би сфатиле дека е потребно да се има храброст за да се погледне во лице на тешкотиите и со раце подигнати кон Небото да се извикне ‘Нема да се откажеме ниту ќе ја загубиме храброста.’ Оние кои не расчистувале нови и тешки полиња, не ги познаваат тешкотиите на пионерската работа. Кога би ги сфатиле Божјите патишта, не би се радувале само на она што е направено, туку би се радувале и за иднината на делото.

Браќа мои, нема причина за малодушност. Доброто семе се сее. Бог ќе го чува, ќе му даде да порасне и да донесе богат род. Имајте на ум дека многу потфати за спасение на души, на почетокот се развивале среде големи тешкотии.“ - *7 Сведоштво, 242*.

„Секој денар што го поседуваме му припаѓа на Господ. Наместо да ги трошиме средствата на непотребни работи, треба да ги вложиме како одговор на повиците на мисионското дело. Со отворањето на нови полиња, повиците за финансиска помош постојано се умножуваат.“ – Historical Sketches, 293.

Поради ова, драга браќа, сметаме на вашите дарежливи, изобилни, но пред сè сочувствителни дарови! Додека го издвојувате својот Дар за првата сабота, размислете колку многу сте примиле од Бога. Тој ќе го умножи вашиот дар и ќе ги претвори во благослов — за вас, за вашето семејство и за оние на кои им е потребна помош во време на тешкотии.

Поради тоа, денешниот дар од првата сабота го собираме за светските мисии — фонд што е многу потребен во овој момент. Нека Господ го благослови секој што дава, за да приложи со радост, во самоодрекување и вера — и нека го награди секого за тоа.

*Вашите браќа од Генералната конференција*

# Сменувањето на царствата

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ:** „А и видението за вечерта и утрината за кое ти се рече ќе се исполни, но ти сокри го тоа видение зашто се однесува на далечни времиња“ (Даниел 8:26).

**Предлагаме да прочитате:** *Големата борба, 423–432.*

„Секое имало време на свое искушување и ниедно не издржало; на секое му потемнела славата и секое ја изгубило својата сила.“ — *Пророци и цареви, 535.*

## 1. ОВЕНОТ СТАНУВА ГОЛЕМ

Недела, 26. април

**а. Што видел Даниел пред крајот на вавилонската надмоќ? Даниел 8:1, 2.**

---

**б. Опишете го однесувањето на првиот ѕвер што се појави и стана голем. Даниел 8:3, 4.**

---

**в. Како ангелот ја објасни појавата на овенот што го виде Даниел? Даниел 8:19, 20.**

---

„Пророкот во видение го виде Бога како ги соборува најмоќните владетели од престолот и на нивно место доведува други. Тука Тој се открива како Владетел на вселената, чие вечно и непропадливо царство е на прагот да завладее со светот; како Старец на престолот, како жив Бог, како Извор на сето знаење и мудрост, како Оној што управува со настаните на сегашноста и ги открива тајните на иднината.“ — *The SDA Bible Commentary [E. G. White Comments], vol. 4, p. 1166.*

„Издигањето и пропаста на народот, како што е откриено во книгата на Даниел и Откровението, треба да нè поучи колку е ништожна надворешната светска слава. Вавилон, со целата своја сила и слава каква што светот повеќе не видел, со силата и славата кои луѓето на таа доба ги правеле непоминливи и вечни, потполно исчезнале! Поминале како ‘цвет од трева’. (Јаков 1:10). Така пропаднало и Медо-Персиското, Грчкото и Римското царство. А така ќе пропадне и сè она што нема свој темел во Бога.“ — *Пророци и цареви, 548.*

**а. Која нова сила дојде да ја предизвика Медо-Персија? Даниел 8:5, 21.**

---

**б. Опишете ја освојувачката моќ на царот на ова ново царство. Даниел 8:6, 7.**

---

„Секој земски владетел ја примил својата моќ од Небото; и неговиот успех зависи од тоа како се служи со власта која на тој начин му е доверена. На секого му е упатено словото на божествениот Стражар: ‘Иако не Ме познаваш, јас те препашав’ (Исаија 45;5). И за секого, зборовите кои некогаш му биле изговорени на Навуходоносор, се животна поука: ‘Искупи ги своите гревови со праведност и своите беззаконија со милосрдие спрема бедните, за да ти продолжи мирот’ (Даниел 4:27).

Да се разбере ова - да се разбере дека ‘праведноста го возвишува народот’, дека ‘престолот се зацврстува со праведност’ и дека ‘со милоста го одржува својот престол’ (Изреки 14:34; 16:12; 20:28); да се препознае примената на овие принципи во покажувањето на Неговата моќ која ‘ги руши и ги поставува царевите’ (Даниел 2:21) - значи да се разбере филозофијата на историјата.

Тоа е јасно претставено само во Божјата Реч. Тука е покажано дека силата на народите, како и на поединецот, не е во можностите или во околностите кои, навидум, ги прават непобедливи; таа не е ниту во нивната самофална големина. Таа се мери со верноста со која ја исполнуваат Божјата намера.“ — *Воспитување, 174,175.*

**в. Што се случи со Грчкото царство кога стана многу големо на врвот од владеењето на Александар Македонски? Даниел 8:8, 22.**

---

„‘Долготрпеливиот,’ вели мудрецот, ‘е подобар од храбриот; и кој владее со себе, подобар е и од освојувач на градови.’ Човек или жена што го зачувуваат душевниот мир кога се искушувани да ѝ попуштат на страста стојат повисоко во Божјите очи и во очите на небесните ангели од најславниот војсководец што некогаш водел војска во битка и победа. Еден прочуен цар рекол на својата смртна постела: ‘Од сите мои освојувања само едно денес ми носи утеха — победата што ја извојував над својот бурен темперамент.’ Александар и Цезар полесно го покорија светот отколку што се покорија себеси. Откако покоруваа народ по народ, паднаа — едниот како жртва на неумереност, а другиот како жртва на безумна амбиција.“ — *Child Guidance, pp. 95, 96*

**а. Која нова сила е опишана како го презема поделеното грчко царство? Даниел 8:9,23.**

**б. Опишете ги постапките на Рим – и паганскиот и папскиот – што Даниел ги виде во видението. Даниел 8:10–12, 24.**

---

„Папството станало вистински светски тиранин. Кралевите и царевите се поклонувале пред декретите на римскиот папа. Сегашната и вечната судбина на луѓето се чинело како да е во негова власт...

Но, ‘пладнето на папството претставувала полноќ за светот’... Со векови Европа не можела да има никаков напредок во науката, уметноста или цивилизацијата. Во христијанството владеела морална и интелектуална парализа.“ — *Големата борба, 60.*

„Како што било проречено од пророштвото, папската власт ја згазила вистината. Божјиот закон бил фрлен во прав, а човечките обичаи и традиции биле воздигани. Црквите кои биле под власта на папството многу бргу биле принудени да ја празнуваат неделата како свет ден. Среде распространетите заблуди и суеверија, многумина, дури и од вистинскиот Божји народ, додека ја празнувале саботата, станале толку збунети што и во недела се воздржувале од работа. Но, ова не ги задоволило папските водачи. Тие барале не само да се празнува неделата, туку и да се осквернува саботата; и оние кои би се осмелиле да ја слават ги обвинувале со најтешки зборови. Божјиот закон можеле да го држат во мир само оние кои побегнале надвор од моќта на Рим.“ — *Големата борба, 65.*

**в. И покрај своите лукави методи, како ќе ѝ дојде крајот на оваа сила? Даниел 8:25.**

„Среде темнината што ја покривала земјата во текот на долгиот период на папската надмоќ, светлината на вистината не можела целосно да изгасне. Во секое време имало Божји сведоци - луѓе што имале вера во Христа како единствен посредник меѓу Бога и човекот, на кои Библијата им била единственото правило во животот и кои ја празнувале вистинската сабота. Колку светот им должи на овие луѓе, идните поколенија никогаш нема да дознаат. Тие биле жигосани како еретици, нивните мотиви лажно толкувани, нивниот карактер лошо прикажуван, а нивните списи забранувани, изврткувани или осакатувани. Но сепак, тие стоеле цврсто, и од поколение на поколение ја чувале својата вера во нејзината чистота, како свето наследство за идните генерации.“ — *Големата борба, 61.*

**а. Кој разговор го слушна Даниел во врска со временскиот период опфатен со настаните од видението, и што требаше да се случи на крајот од тој период? Даниел 8:13, 14.**

---

---

**б. Кој антитипски (реален) настан беше навестен со чистењето на светилиштето, како што беше прикажано во церемонијалниот закон и претскажано во видението на Даниел? 3. Мојсиева 23:27-32; 16:33, 34.**

---

---

---

„Во обредната служба, што била претслика на Христовата жртва и на Неговата свештеничка служба, чистењето на Светилиштето била последната служба што ја вршел првосвештеникот според годишниот ред на својата служба. Тоа било завршно дело на помирување - одземање и отстранување на гревот од Израел, и тоа било симбол на завршниот чин во службата на нашиот Првосвештеник на небото, отстранување или бришење на гревовите на Неговиот народ што се забележани во небесните книги.“ — *Големата борба, 352.*

„Како што во старо време гревовите на народот со вера биле пренесувани прво врз жртвата за грев, а потоа со нејзината крв, симболички, во земното Светилиште; така и во новиот завет гревовите на оние што се каат, со вера се пренесени врз Христа и со Него, всушност, во небесното Светилиште. И како што во земното Светилиште е извршено отстранување на гревовите што го сквернавеле него; сега на ист начин мора да биде извршено и вистинско чистење на небесното Светилиште, да се отстранат или да се избришат гревовите што се запишани таму. Но, пред да може да се изврши тоа, мора да се испитаат книгите за да се утврди кој стекнал право со покајание и со вера во Христа да се користи со благодатта на Неговото помирување. Затоа чистењето на Светилиштето содржи извесно дело на истражување, дело на истражниот суд. Ова дело мора да биде извршено пред Христос да дојде да го избави Својот народ зашто, кога Тој ќе дојде, со Себе ја носи и Својата награда ‘за да му даде на секого според делата негови’ (Откровение 22:12).“ — *Големата борба, 421,422.*

**в. Што рече ангелот во врска со пророштвото за 2300 дена? Даниел 8:26 (спореди со стих 14).**

---

## 5. ВИДЕНИЕТО ДЕЛУМНО РАЗБРАНО

Четврток, 30. април

**а. Со која задача беше испратен ангелот Гаврил кај Даниел? Даниел 8:15-18.**

„Оваа божествена порака ангелот Гаврил, му ја пренел на пророкот Даниел, ангел, кој според рангот доаѓа веднаш по Божјиот Син. Тоа бил Гаврил, 'Неговиот ангел' што Христос го пратил да му ја открие иднината на саканиот Јован, покажувајќи му ги настаните од иднината, и преку кого е изречен благослов на оние што читаат и што ги слушаат зборовите на пророштвото и кои држат сè што е запишано во нив. (Откровение 1:3)." — *Копнежот на вековите, 234.*

**б. И покрај тоа беше дадено темелно објаснување за многу други детали, каква беше реакцијата на Даниел откако го чу пророштвото за 2300-те денови? Даниел 8:27.**

„Благодарение на второто видение била фрлена нова светлина за идните настани, и пред крајот на тоа видение Даниел слушнал 'како еден светец зборува, а друг светец го праша оној што зборуваше: До кога ќе трае овој привид?' (Даниел 8:13). Одговорот го збунил: 'Уште две илјади и тристотини вечери и утра; тогаш Светилиштето ќе биде очистено'. (Стих 14). Тој срдечно барал смисла на видението. Не можел да ја разбере врската помеѓу седумдесет годишното ропство, проречено преку Еремија, и две илјади и три стотини години кои, како што рекол во видението небесниот посетител, треба да поминат пред да се исчисти Божјата светиња. Ангелот Гаврил му дал само површно толкување. Меѓутоа, кога пророкот ги слушнал зборовите дека 'видението… е за многу години', тој се онесвестил. За тоа доживување е запишано: 'Јас Даниел занемев и боледував некое време; потоа станав и ги вршев вообичаените царски работи; и се чудев на видението, и не го разбирав' (Стихови 26,27)." — *Пророци и цареви, 554.*

## ЛИЧЕН ПРЕГЛЕД НА ПРАШАЊАТА

Петок, 1. мај

1. **Кои мотиви премногу често ги водат освојувањата на земните сили?**
2. **Кој неисправен карактерен недостаток доведе до кршење на знаменитиот рог на козелот?**
3. **Во која смисла паганската и папската фаза на Рим наликувале една на друга?**
4. **Што требаше да се случи на крајот од 2300-те денови?**
5. **Кој дел од видението сé уште беше тајна за Даниел кога се онесвести?**

# Видението објаснето

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ:** „И така, знај и разбери: од времето кога излезе законот за обновување на Ерусалим, до доаѓањето на Помазаникот Божји се седум седмици. Потоа ќе биде обновен Ерусалим со улици и ѕидини, и ќе опстои шеесет и две седмици; а тоа ќе биде тешко време“ (Даниел 9:25).

**Предлагаме да прочитате:** *Големата борба, 409–422.*

„Ангелот е пратен кај Даниел со посебна цел да му го објасни она што не го сфатил од видението во осмата глава, а тоа е извештајот во врска со времето.“ — *Големата борба, 326.*.

## 1. ЧИТАЈ ЗА ДА РАЗБЕРЕШ — Недела, 3. мај

**а. Што, отприлика во времето на освојувањето на Вавилон од страна на Медијците и Персијците, проучуваше Даниел? Даниел 9:1–2.**

____________________________________________________________

„Додека оние што останаа верни на Бога среде Вавилон Го бараа Господа и ги проучуваа пророштвата што го најавуваа нивното ослободување, Бог ги подготвуваше срцата на царевите да покажат наклонетост кон Својот покајнички народ.“ — *The SDA Bible Commentary [E. G. White Comments], vol. 4, p. 1172*..

**б. Објаснете го значењето на пророштвото што го читаше Даниел. Еремија 25:8–14.**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

**в. На што го поттикнаше Божјиот народ пророштвото на Еремија? Еремија 29:10–14.**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

„(На прогонетите) на дофат им биле и списите на Еремија во кои јасно е укажано за времето кое ќе протече пред Израел да се ослободи од Вавилон... А на остатокот на Јуда ќе му биде укажана наклонетост како одговор на срдечната молитва.“ — *Пророци и цареви, 552.*

**а. Што направи Даниел како одговор на она што го прочита? Даниел 9:3.**

„Засновувајќи ја својата вера на верната пророчка реч, Даниел се молел на Господа брзо да ги исполни ветувањата. Тој се молел за да се сочува Божјата чест, и во своите молитви потполно се изедначил со оние кои не ја исполнувале Божјата волја, признавајќи ги нивните гревови како свои.“ — *Пророци и цареви, 554,555*.

**б. Откако ќе ја прочитате Даниеловата молитва, какви заклучоци можете да извлечете за тоа како тој се понижи и се заложи за народот пред Бога? Даниел 9:4–19.**

___

___

„Пред тоа, тој бил долго време во службата Божја и небото за него говорело како за ‘мил човек’, но сепак Даниел излегол пред Бога како грешник, укажувајќи на големата потреба на својот љубен народ.“ — *Пророци и цареви, 555.*

**в. За што беше особено загрижен Даниел? Даниел 9:16–17.**

___

___

„Речиси седумдесет години Израил беше во ропство. Земјата што Бог ја избра за Себе беше во рацете на незнабошците. Возљубениот град, примател на небесната светлина, некогаш радост на целата земја, сега беше презрен и понижен. Храмот што го содржеше ковчегот на Божјиот завет и херувимите на славата што го засолнуваа престолот на милоста лежеше во урнатини. Самото негово место беше осквернето од безбожни нозе. Верните луѓе што ја знаеја поранешната слава беа исполнети со длабока болка поради запустеноста на светиот храм што го издвојуваше Израил како Божји избран народ. Тие беа сведоци на Божјите опомени поради гревовите на народот. Беа сведоци и на исполнувањето на тие зборови. Но беа сведоци и на ветувањата за Божја наклонетост ако Израил се врати кон Него и оди внимателно пред Него. Стари, поседени поклоници одеа во Ерусалим да се молат меѓу неговите урнатини. Ги бакнуваа неговите камења и ги натопуваа со своите солзи, додека Го молеа Господа да се смилува на Сион и да ја покрие со славата на Својата праведност. Даниел знаеше дека одреденото време на израилското ропство се приближува кон крај; но не мислеше дека, бидејќи Бог ветил избавување, тие немаат своја улога. Со пост и скрушеност го бараше Господа, признавајќи ги своите гревови и гревовите на народот.“ — *The SDA Bible Commentary [E. G. White Comments], vol. 4, p. 1172.*

**а. Како беше прекината молитвата на Даниел? Даниел 9:20–21.**

---

---

„Небото длабоко се спуштило за да ја слушне пророковата срдечна молитва. И пред пророкот да ја заврши молитвата за простување и помош, моќниот Гаврил повторно се појавил пред него.“ — *Пророци и цареви, 556.*

„Оваа божествена порака ангелот Гаврил, му ја пренел на пророкот Даниел, ангел, кој според рангот доаѓа веднаш по Божјиот Син... Бог ни ги дал овие нешта, а Неговиот благослов ќе го следи стравопочитувачкото проучување на пророчките книги придружувано со молитва.“ — *Копнежот на вековите, 234.*

**б. Која беше целта на посетата на Гаврил и како е поврзана со видението од осмото поглавје? Даниел 9:22–23.**

---

---

„(Гаврил) му обрнал внимание на видението кое што го имал пред падот на Вавилон и Валтасаровата смрт.“ — *Пророци и цареви, 556.*

„Бог му заповедал на Својот пратеник: ‘Гавриле, објасни му го видението!’ Оваа заповед морала да се изврши и затоа ангелот подоцна се вратил кај Даниел и му рекол: ‘Даниеле, сега излегов да те научам да разбираш’. ‘Внеси се во зборот и разбери го видението’ (Даниел 9:22,23). Во споменатото видение во осмата глава останала необјаснета само една точка, и тоа периодот од 2300 денови; затоа ангелот, кога се вратил, се задржал исклучиво на прашањето на времето.“ — *Големата борба, 325.*

**в. Кој временски период беше одреден за еврејскиот народ и што требаше да се оствари во текот на тој период? Даниел 9:24.**

---

„Суштината на Христовото проповедање била: „Се исполни времето и се приближи Божјото царство. Покајте се и верувајте во евангелието”. На тој начин, евангелската порака што ја објавил Спасителот се засновала на пророштвата. „Времето“ за кое Тој рекол дека се исполнило, бил периодот што ангелот Гаврил му го објавил на Даниел... Еден ден во пророштвата претставува една година. (Види Броеви 4:34; Езекиел 4:6) Седумдесет седмици или четиристотини и деведесет дена, претставуваат четиристотини и деведесет години.“ — *Копнежот на вековите, 233.*

**а. Кој значаен царски декрет требаше да го означи почетокот на седумдесетте седмици? Даниел 9:25.**

„Заповедта за обнова и ѕидање на Ерусалим што ја издал Артаксеркс Лонгимианус, стапила на сила есента во 457. година пред Христа. (Види Ездра 6:14; 7:1,9) Тој период од четиристотини и осумдесет и три години се протега до есента 27 година по Христа.“ — *Копнежот на вековите, 233*.

**б. „Заповедта за обнова и ѕидање на Ерусалим што ја издал Артаксеркс Лонгиманус, стапила на сила есента во 457. година пред Христа. (Види Ездра 6:14; 7:1,9) Тој период од четиристотини и осумдесет и три години се протега до есента 27 година по Христа.“ — Копнежот на вековите, 233.**

---

„Господ... го поттикна срцето на царот, така што Ездра најде наклонетост пред него. Царот му стави во рацете изобилни средства за обновување на храмот и им овозможи на Евреите да се вратат.“ – *The SDA Bible Commentary [E. G. White Comments], vol. 3, p. 1134*.

**в. Што пророштвото исто така претскажа за службата на Месијата? Даниел 9:26 (прв дел), 27 (прв дел).**

„Според пророштвото, тој период требало да достигне до Месијата Помазаникот. Во 27. година по Христа, при своето крштевање Исус Христос примил помазание од Светиот Дух и набргу потоа започнала неговата јавна служба. Тогаш била објавена веста: ‘Се исполни времето’.

Ангелот рекол: ‘И ќе го потврди заветот со мнозина во една седмица (седум години)’. Седум години откако започнала мисијата на Спасителот, евангелието требало да им се проповеда на Евреите, и тоа: Прво три и пол години Христос, а потоа исто толку и Неговите ученици. ‘Во половина на седмицата Тој ќе направи жртвата и приносот да прекратат’. (Даниел 9:27) Пролетта 31. година од н.е. Христос, вистинската Жртва, е принесена на Голгота. Тогаш завесата во храмот била расцепена на два дела, со што е покажано дека исчезнала светоста и значењето на жртвената служба. Настапило времето да прекратат земната жртва и принос.

Една седмица седум години завршила 34. година по Христа. Тогаш Евреите со каменувањето на Стефан конечно го отфрлиле евангелието. Учениците кои поради прогонството се расеале низ други земји, ‘отишле насекаде проповедајќи ја Речта’. (Дела 8:4) Набргу потоа прогонувачот Савле се обратил и станал Павле апостол на незнабошците.“ — *Копнежот на вековите, 233.*

## 5. СЕДУМДЕСЕТТЕ СЕДМИЦИ НАВРШЕНИ

Четврток, 7. мај

**а. Која трагедија требаше да се случи по завршувањето на 490-те години? Даниел 9:26 (последен дел), 27 (последен дел); Лука 21:20.**

„Долготo Божјо трпение кон Ерусалим уште повеќе ги зацврстило Евреите во нивното упорно непокајание... Во својата слепост и богохулна дрскост, поттикнувачите на овие дрски постапки 'патриотски' изјавувале дека не се плашат од можноста Ерусалим да биде разорен, зашто тој е Божји град. Со цел власта уште повеќе да ја зацврстат, поткупиле лажни пророци кои, дури и тогаш кога римските легии го опколиле храмот, објавувале дека народот треба да очекува ослободување од Бога. Сѐ до последен момент народот цврсто верувал дека Севишниот ќе се вмеша и ќе ги уништи нивните непријатели. Но Израел со презир ја отфрлил божествената заштита и сега немал никаква одбрана. Несреќниот Ерусалим најнемилосрдно бил растргнат со внатрешни судири, неговите улици биле црвени од крвта на неговите деца што меѓусебно се колеле, додека туѓите армии ги разорувале неговите тврдини и ги убивале неговите војници." — *Големата борба, 28,29.*

**б. Откако го разјаснивме овој прв дел од пророчките денови, што сега можеме да препознаеме? Даниел 8:14; 9:24.**

„Така, јасно се исполнил секој дел од ова големо пророштво. Седумдесетте седмици, што без никакво сомневање почнале во 457 година пред Христа, завршиле во 34 година по Христа. Поаѓајќи од наведениот датум, не е тешко да се најде крајот на пророчките 2300 денови. Ако седумдесетте седмици или 490 дена ги отсечеме од 2300 дена, ни остануваат уште 1810 дена. Откако завршиле 490 дена, останале уште да се исполнат 1810 дена. Сметајќи од 34 година по Христа, преостанатите 1810 години допираат до 1844 година. Според тоа, 2300 дена од Даниел 8:14 завршуваат во 1844 година. По истекувањето на тоа големо пророчко време, според сведоштвото на Божјиот ангел, 'Светилиштето ќе биде очистено'. На тој начин точно било утврдено времето на очистување на Светилиштето." — *Големата борба, 328.*

## ЛИЧЕН ПРЕГЛЕД НА ПРАШАЊАТА

Петок, 8. мај

1. **Иако и самиот бил пророк, што сакал Даниел да разбере?**
2. **Зошто Даниел се вклучи и себе во молитвата на покајание за поранешните гревови на Израел?**
3. **Како со сигурност знаеме дека Даниел 9 ја разрешува тајната од Даниел 8?**
4. **Објасни го настанот што го означи почетокот на пророштвото од 490 години?**
5. **Опиши го уништувањето на Ерусалим, како што го претскажаа Даниел и Исус?**

# Запечатената книга повторно отворена

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ:** „Тогаш отидов кај ангелот и му реков: „Дај ми ја книшката!” Тој ми одговори: „Земи ја и изеди ја! Во стомакот твој таа ќе ти биде горчлива, но во устата ќе ти биде слатка како мед“ (Откровение 10:9).

**Предлагаме да прочитате:** *Големата борба, 391-408.*

„Силниот ангел што го поучуваше Јован не беше никој друг освен самиот Исус Христос.“ — *The SDA Bible Commentary [E. G. White Comments], vol. 7, p. 971.*

## 1. МУДРИТЕ ЌЕ СВЕТАТ — Недела, 10. мај

**а. Опишете го искушението и победата што се откриени на крајот од последното Даниелово видение. Даниел 12:1–2.**

„Обратената душа живее во Христос. Нејзината темнина исчезнува, а нова небесна светлина ја осветлува душата. „Мудриот придобива човечки души.“ „Разумните ќе сјаат како светила на небото, и оние што мнозина повратиле кон правда - како ѕвездите, во веки, засекогаш.“ Делото што човекот го врши во соработка со Бога никогаш нема да пропадне, туку ќе трае засекогаш. Оној што Го прави Бога своја мудрост и расте до полната мера во Христос ќе стои пред цареви и пред таканаречените великани на светот и ќе ја објавува славата на Оној што го повикал од темнина во Својата чудесна светлина. Науката и литературата не можат да внесат светлина во помрачениот човечки ум каква што може да донесе славното евангелие на Божјиот Син. Само Синот Божји може да ја осветли душата. Не е чудо што Павле извикнува: „Зашто јас не се срамам од Евангелието на Христос, бидејќи тоа е сила Божја која го спасува секого што верува, прво Јудеец, а потоа и Елин.“ Христовото евангелие станува составен дел од личноста на оние што веруваат и ги прави живи посланија, кои ги познаваат и читаат сите луѓе.“ — *Fundamentals of Christian Education, pp. 199, 200.*

**б. Како ќе изгледаат мудрите наспроти безбожните во тој ден? Даниел 12:3; Матеј 13:41–43.**

______________________________________________________________________

**а. Што му беше сега речено на Даниел да направи? Даниел 12:4 (прв дел), 8, 9 (прв дел).**

„Додека луѓето му укажувале почитување доверувајќи му ги одговорните државни работи и тајните кои се однесувале на судбината на целото царство, Бог го почестил Даниел избирајќи го за Свој претставник и откривајќи му многу тајни во делечната иднина. Чудесните пророштва, кои сам ги забележал од седмата до дванаесеттата глава во книгата која го носи неговото име, не ги разбрал во потполност ниту тој самиот. Но пред да се заврши неговиот земски пат, му било дадено прекрасно ветување дека „при свршетокот на деновите” во завршниот период од земската историја нему повторно ќе му биде доделено да стане и да го добие својот дел. Нему не му било дадено потполно да го разбере сето она што Бог му го открил за Своите намери. ‘Затвори ги овие зборови и запечати ја оваа книга, до последното време’, му било заповедано во врска со неговите пророчки списи. ‘Оди, Даниеле’, го упатил уште еднаш ангелот верниот Господов гласник, ‘зашто се затворени и запечатени овие зборови до последното време... Оди си по својот крај; и ќе почиваш и ќе останеш на делото свое до свршетокот на деновите’ (Даниел 12:4,9,13).

Бидејќи се приближуваме кон крајот на историјата на овој свет, мораме да посветиме посебно внимание на пророштвата кои ги запишал Даниел, затоа тие се однесуваат на времето во кое што живееме. Со тоа треба да се поврзат и зборовите од последната книга од Новиот Завет.“ — *Пророци и цареви, 547.*

**б. Што покажува дека зборовите на ангелот укажуваа на тајната за 2300-те денови и кога таа тајна ќе се открие? Даниел 8:17; 12:4, 9 (последен дел).**

„Пророштвата изнесуваат низа настани што се одигруваат до почетокот на судот. Ова е посебно случај со книгата на пророкот Даниел. Но, оној дел од неговото пророштво што се однесува на последното време, Даниел морал да го затвори и да го запечати ‘до последното време’. Дури кога ќе настапи тоа време, ќе може да биде објавена веста за судот што се темели на исполнувањето на ова пророштво. Но, во ова последно време, вели пророкот, ‘мнозина ќе ја истражуваат (таа книга) и знаењето ќе се умножи’ (Даниел 12:4).

Но од 1798. година отпечатена е книгата на Даниел, пророштвото почнало сè повеќе да се сфаќа и мнозина ја објавувале свечената вест за скорешниот суд.

Како и големата реформација во шеснаесеттиот век, и адвентното движење се појавило истовремено во разни христијански земји. Во Европа и Америка, луѓе од вера и молитва биле поттикнати да ги проучуваат пророштвата и на тој начин пронашле убедливи докази дека крајот на сите нешта е близу. Во разни земји се појавиле осамени групи христијани кои, проучувајќи го Светото Писмо, откриле дека доаѓањето на Спасителот е близу.“ — *Големата борба, 355-357.*

**а. Додека Даниел гледаше и слушаше, кој свечен декрет го одреди временскиот период што води до крајот на времето? Даниел 12:5–7.**

**б. Споредувајќи ги другите библиски текстови, одредете го времето на овој пророчки период. Даниел 7:25; Откровение 11:2–3; 12:6, 14; 13:5.**

---

---

„Апостол Павле ја предупредил црквата Христовото доаѓање да не го очекува во неговите денови: 'Оној ден нема да настапи додека најнапред не дојде до отпаѓање и не се открие Човекот на гревот, Синот на погибелта' (2. Солуњаните 2:3). Дури по еден голем отпад и по едно долго владеење на таканаречениот 'човек на гревот' можеме да го очекуваме доаѓањето на нашиот Господ. 'Човекот на гревот', наречен и 'тајна на беззаконието', 'син на погибелта' и 'беззаконик', го претставува папството кое, како што е кажано во пророштвото, ќе има превласт 1260 години. Овој период завршил во 1798. година. Христовото доаѓање не можело да се случи пред оваа година. Опомената на Павле го опфаќа целиот христијански период до 1798. година. Дури по оваа година требало да се проповеда веста за второто Христово доаѓање.“ — *Големата борба, 356.*

**в. Како ангелот го опиша периодот од 1260 години? Даниел 12:10 (прв дел).**

„Во тринаесеттиот век била воведена една од најстрашните творби на папството - инквизицијата. Кнезот на темнината работел заедно со водачите на папската хиерархија. На нивните тајни совети, сатаната и неговите ангели, управувале со умовите на овие зли луѓе, додека меѓу нив, иако невидлив за нивните очи, стоел еден Божји ангел кој водел еден ужасен записник за нивните безбожни одлуки, и ја пишувал историјата на делата, премногу ужасни за да можат да се изнесат пред човечките очи. „Големиот Вавилон" бил „пијан од крвта на светите". Осакатените тела и крвта на милиони маченици викале кон Бога за одмазда над оваа отпадничка сила...

Состојбата на светот под римската власт претставувала страшно и впечатливо исполнување на зборовите на пророкот Осија... 'Нема веќе верност, нема милост, нема познавање Божјо на земјата, туку проклетство и лага, убивање и кражба, прељуба и насилство, една крв ја стигнува другата' (Осија (4:6,1,2). Такви биле резултатите од отфрлањето на Божјото слово.“ — *Големата борба, 59,60.*

**а. Препознавајќи ја паралелата со Даниел 12:7, како пророкот Јован го виде отворањето на Даниеловото запечатено видение? Откровение 10:1–2, 5–6.**

---

„Силниот ангел што го поучуваше Јован не беше никој друг освен самиот Исус Христос. Ставајќи ја десната нога на морето, а левата на копното, Тој ја покажува Својата улога во завршните сцени на големата борба со сатаната. Таа положба ја означува Неговата врховна моќ и власт над целата земја...

Јован ја виде малата книшка отпечатена. Тогаш пророштвата на Даниел го добија своето вистинско место во првата, втората и третата ангелска порака што требаше да му бидат објавени на светот. Отпечатувањето на книшката беше порака поврзана со одредено време...

Тоа време за кое ангелот зборува со свечена заклетва не е крај на историјата на овој свет, ниту крај на времето на милоста, туку крај на пророчкото време што треба да му претходи на доаѓањето на нашиот Господ. Тоа значи дека народот повеќе нема да има порака врзана за точно одредено време. По овој период... кој се протега до 1844 година, повеќе нема прецизно одредување на пророчко време. Најдолгиот пресметан период достигнува до есента 1844 година.

Положбата на ангелот — со една нога на морето, а со другата на копното — ја означува широката распространетост на објавувањето на пораката. Таа ќе ги премине големите води и ќе биде објавена во други земји, па дури и по целиот свет." — *The SDA Bible Commentary [E. G. White Comments], vol. 7, p. 971.*

**б. Објаснете како искуството на Јован во видението за јадењето на малата книга беше паралела со искуството на адвентното движење од 1840-тите години. Откровение 10:9–11.**

„Времето на очекување помина, а Христос не дојде да го ослободи Својот народ. Оние што го очекуваа својот Спасител со искрена вера и со срдечна љубов, доживеаја горко разочарување. Но, Божјата намера беше постигната. Тој ги испита срцата на оние што тврдеа дека го чекаат Неговото доаѓање...

Но Исус и сите небесни војски со љубов и сочувство ги гледаа проверените и разочарани верници. Кога би се подигнал невидливиот превез што го дели видливиот од невидливиот свет, тогаш би можеле да се видат ангелите како им се приближуваа на овие непоколебливи души и како ги штитат од стрелите на сатаната." — *Големата борба, 374.*

## 5. МЕЃУ МУДРИТЕ

Четврток, 14. мај

**а. Како беше опиша Даниел од Езекиел, еден од неговите современици? Езекиел 14:14.**

---

**б. Како можеме и ние да бидеме меѓу мудрите, како што беше Даниел? Даниел 12:10 (последен дел); Изреки 9:10; Матеј 7:24–25.**

---

„Наскоро ќе настапи „време тешко, какво што немало откако постојат луѓето“ (Даниел 12:1), и тогаш ќе ни биде потребно искуство што сега го немаме, а кое мнозина занемаруваат да го стекнат. Често се случува очекуваната неволја да ја преувеличуваме, отколку што е во стварноста, но тоа не е случај со кризата што е пред нас. Ниту најбујната мечта не може да замисли колку тешко ќе биде искушението. Во тоа време на искушение секоја душа ќе мора да стои сама за себе пред Бога. Ако Ное, Даниел и Јов беа на земјата ‘Се колнам во Себе, вели Господ Бог, не би ги спасиле ни синовите ни ќерките; со својата праведност тие би ги спасиле само своите души’ (Езекиел 14:20).

Сега, додека нашиот Првосвештеник врши помирување за нас, треба да настојуваме да станеме совршени во Христа. Дури ниту со една единствена мисла нашиот Спасител не попуштил пред силата на искушението. Во човечкото срце сатаната обично ќе најде некоја слаба точка која може да ја искористи како свое упориште; понекоја грешна склоност секогаш се негува што ја потврдува силата на неговите искушенија. Но Христос со право можел да каже за Себе: „Иде кнезот на овој свет и во Мене Тој нема ништо“ (Јован 14:30). Сатаната не можел да најде во Божјиот Син ништо што би му овозможило да извојува победа над Него. Исус ги одржал заповедите на својот Отец и кај Него немало грев со кој сатаната би можел да се послужи во своја корист. Тоа е состојбата во која мора да се најдат сите оние што сакаат да се одржат во времето на големата неволја.“ — *Големата борба, 622,623.*

**в. Како ангелот на крајот се прости од Даниел? Даниел 12:13.**

---

## ЛИЧЕН ПРЕГЛЕД НА ПРАШАЊАТА

Петок, 15. мај

1. **Кога ќе се случи воскресението од Даниел 12:2?**
2. **Што се случи за да биде отпечатено Даниеловото пророштво?**
3. **Кој настан го означи почетокот на крајот на времето?**
4. **Кое пророштво го откри отворањето на Даниеловата книга?**
5. **Како можам да бидам сигурен дека ќе бидам меѓу мудрите?**

# Пророкот од Патмос

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ:** „А еден од учениците, кого Исус го сакаше, беше се навалил на градите Исусови“ (Јован 13:23).

**Предлагаме да прочитате:** *Делата на апостолите, 539-556.*

„По Христовото вознесение, Јован се истакнал како верен и ревносен работник за Учителот.“ — *Делата на апостолите, 546.*

## 1. УЧЕНИКОТ КОГО ИСУС ГО ЉУБЕШЕ — Недела, 17. мај

**а. Кои примери ја откриваат блискоста меѓу ученикот Јован и Исус? Матеј 17:1; Марко 14:33; Лука 8:51.**

__________________________________________________________

__________________________________________________________

„Како што се чинело, (Јован) уживал големо Христово пријателство и му биле дадени многу знаци на доверба и љубов од страна на Спасителот. Тој бил еден на тројцата на кои им било дозволено да бидат сведоци на Христовата слава на гората на преобразувањето и на Неговата агонија во гетсиманската градина. На негова грижа Учителот му ја доверил својата мајка во оние последни мигови од претсмртната агонија на крстот.“ — *Делата на апостолите, 539*.

**б. Како Јован се издвојуваше од другите ученици? Јован 13:23; 21:20 (прв дел), 24.**

__________________________________________________________

„Јован и Јаков, Андреј и Петар, Филип, Натанаил и Матеј биле поблиску поврзани со Христа од останатите и виделе повеќе од Неговите чуда. Петар, Јован и Јаков биле уште поинтимно поврзани со Него. Тие речиси постојано биле покрај Него, гледајќи ги Неговите чуда и слушајќи ги Неговите зборови. Јован бил уште потесно поврзан со Исуса, така што бил означен како оној, кого Исус го љубел. Спасителот ги љубел сите, но Јовановиот дух бил најприемчив. Тој бил најмлад од сите и со поголема детска доверба му го отворил своето срце на Исуса. На тој начин стекнал поголема наклонетост кон Христа и преку него било соопштено најдлабокото Спасителово духовно учење на Неговиот народ.“ — *Копнежот на вековите, 292.*

**а. Кое е значењето на името што Исус им го даде на Јован и на неговиот брат Јаков? Марко 3:17.**

„Јован по природа ја немал таа милност и благост на карактерот што се откривале во неговиот подоцнежен живот. Пред тоа тој имал сериозни карактерни недостатоци. Бил не само горделив, самоуверен и славољубив, туку и нагол и ги паметел навредите. Тој и брат му биле наречени „синови на громот”. Омилениот ученик бил намрштен, одмаздлив и со критички дух. Меѓутоа, под сето тоа божествениот Учител видел огнено, искрено срце кое знае да сака. Христос го укорувал неговото самољубие, ги разочарал неговите амбиции и неговата вера ја ставал на сериозна проверка; но му го открил она за што копнеела неговата душа - убавината на светоста, моќта на љубовта која преобразува.“ — *Делата на апостолите, 539.*

**б. Како Јован научи нов начин на однесување кон другите? Јован 13:34; 1 Јованово 4:7–8.**

„Христовите поуки, со кои покажал дека кротоста, понизноста и љубовта се неопходни за напредување во милоста и во оспособувањето за неговото дело, имале најголемо значење за Јована. Тој секоја поука ја сметал за драгоцена и постојано се трудел својот живот да го сообрази со божествениот пример. Христовата слава Јован почнал да ја сфаќа не како земен раскош и власт, на кои бил научен да се надева, туку како ‘слава што ја има како единороден од Отецот - полн со благодат и вистина’ (Јован 1:14).“ — *Делата на апостолите, 544.*

**в. в. Опишете ги резултатите од срце полно со љубов кон ближните. 1 Јованово 3:10–11; Јован 13:35.**

---

„Длабоката и топла љубов на Јована кон својот Учител не била причина на Христовата љубов кон него, ами напротив, последица и производ на таа Христова љубов. Јован копнеел да биде сличен на Исуса и под влијание на Христовата љубов тој станал кроток и понизен. Неговото ‘јас’ наполно било скриено во Исуса. Повеќе од сите други Јован бил предан и проникнат со силата на тој чудесен живот. Тој кажува: ‘животот се јави, а ние го видовме.’ ‘И сите ние примивме од Неговата полнота благодат врз благодат’ (1 Јованово 1:2; Јован 1:16). Јован го познавал Спасителот од лични доживеани искуства. Поуките на Учителот трајно му се врежале во срцето. Кога сведочел за милоста на Спасителот, убедлива речитост на неговите толку едноставни зборови им давала токму љубовта што го проникнувала целото негово суштество.“ — *Делата на апостолите, 544.*

**а. Бидејќи обидите да му се одземе животот на Јован не вродија со плод, каде на крајот беше прогонет? Откровение 1:9.**

---

---

„Јован бил повикан во Рим за да му се суди заради неговата вера. На властите во Рим науката на Јована им била неточно претставена. Лажните сведоци го обвинувале дека шири бунтовничка ерес. Непријателите на ученикот се надевале дека со ваквите обвиненија на најсигурен начин ќе издејствуваат негова смрт.

Во својата одбрана Јован одговарал јасно и убедливо, и со таква едноставност и искреност, што неговите зборови оставале силен впечаток. Оние што го слушале биле изненадени од неговата голема мудрост и речитост. Меѓутоа, колку неговото сведоштво станувало поубедливо, омразата на неговите непријатели станувала подлабока...

Јована го фрлиле во котел со вриено масло, но Господ му го спасил животот на својот верен слуга исто онака како што ги избавил тројцата Евреи од усвитена печка. Кога биле изговорени зборовите: „Така нека пропадне секој што верува во тој измамник, Исус Христос Назареќанецот", Јован рекол: 'Мојот Господ стрпливо поднесуваше сѐ што можеа да измислат сатаната и неговите ангели за да го понижат и да го мачат. Тој го даде својот живот за да го спаси светот. Јас се гордеам што ми е дозволено да страдам за неговото дело...'

Тие зборови имале влијание врз сите присутни и истите луѓе што го фрлиле во котелот со вриено масло, го извадиле од него...

Со декрет на императорот Јован бил протеран на островот Патмос... Неговите непријатели сметале дека тука нема веќе да се чувствува неговото влијание и дека најпосле ќе мора да умре во неволја и очај." — *Делата на апостолите, 569,570.*

**б. Која драгоцена прилика се укажа со неговото прогонство? Откровение 1:1–3, 10–11.**

---

„Пустиот карпест остров во Егејско Море, Патмос, римските власти го одбрале како место на кое ги праќале злосторниците во изгнанство. Меѓутоа, за Божјиот слуга тоа стушено престојувалиште станало небесна капија. Далеку од животната врева и од активната работа на поранешните години, тој тука бил во друштво со Бога, со Христа и со небесните ангели, и од нив примал упатства за црквата во сите идни времиња. Прикажани му се настаните што ќе се одиграат на крајот од историјата на оваа земја и тука ги опишал визиите што ги примал од Бога." — *Делата на апостолите, 570,571.*

**а. Како Христос му се јави на Јован во видение на Патмос? Откровение 1:12–16.**

---

---

„(Саканиот ученик) го видел својот Учител во гетсиманската градина, кога неговото лице во смртна агонија го пробивале капки крвава пот, кога ‘лицето му беше толку нечовечки обезобразено, што со ставата не личеше веќе на човек’ (Исаија 52:14). Го видел во рацете на римските војници, облечен во стара пурпурна облека и со трнов венец на главата. Го гледал распнат на Голгота, како предмет на свирепи потсмеви и презир. Сега на Јована уште еднаш му било дозволено да го види лицето на својот Господ.“ — *Делата на апостолите, 582*.

**б. Каква беше реакцијата на Јован, и каква задача имаше Исус за него? Откровение 1:17–19.**

---

„Јован бил охрабрен за да може да остане жив во присуство на својот Господ. Тогаш пред неговите зачудени очи се отворила небесната слава. Му било дозволено да го види Божјиот престол и, фрлајќи поглед преку земните борби, видел мноштво откупени во бела облека. Слушнал музика на небесните ангели и триумфалната песна на оние што победиле со крвта на Јагнето и со речта на своето сведоштво. Во откровението што му е дадено тука еднподруго се укажувале најпотресни сцени од искуството на Божјиот народ, а историјата на црквата му е покажана сè до крајот на векот. На Јована во пророчки слики и симболи му се прикажани предмети од големо значење, и негова должност била да ги забележи за верниците на тоа време, како и за оние што ќе живеат во идните векови за да можат да имаат разумна претстава за опасностите и судирите што им претстојат.“ — *Делата на апостолите, 582,583*.

**в. На кој начин книгата Откровение е лична порака за секој од нас? Откровение 1:4–6; 3:22.**

---

---

„Ова откровение е дадено да послужи како патоказ и потпора за црквата за сето време на христијанската ера. Па сепак, верските учители тврдат дека тоа е запечатена книга и дека нејзините тајни не можат да се досегнат. Затоа мнозина загубиле секаков интерес за тие пророчки записи и не сакаат да посветат време за проучување на нејзините тајни. Но Бог не сака неговиот народ да заземе таков став кон таа книга.“ — *Делата на апостолите, 583.*

## 5. УВЕРЕНИЕ ЗА ХРИСТОВОТО ПРИСУСТВО
Четврток, 21. мај

**а. Што значеше видението за Христос меѓу седумте златни светилници? Откровение 1:20.**

„За Христа овде е кажано дека оди среде златни светилници. Со ова симболички е прикажан неговиот однос спрема црквите. Тој е во постојана врска со својот народ. Тој ја знае нивната вистинска состојба. Тој го посматра поредокот, однесувањето и редот во црквата, ја гледа побожноста и приврзаноста на нејзините припадници. Христос, иако првосвештеник и посредник во небесното светилиште, сепак е прикажан како оди среде своите цркви на земјата. Тој неуморно бдее за да види дали ослабела или дали се угасила светлината на некои од неговите стражари. Кога светилниците би се препуштиле исклучиво на човечка грижа, треперливото пламенче извесно време би тлеело и набргу би се угасило. Но Тој е вистински стражар во Господовиот дом, вистински чувар во предворјето на храмот. Неговата постојана грижа и безмерна милост претставуваат извори на живот и светлина.“ — *Делата на апостолите, 586.*

**б. Опишете ја целта на Божјите пораки до Црквата, претставена како целина преку седумте цркви во Откровение, поглавја 2 и 3.**

„Имињата на седумте цркви симболички ја претставуваат црквата во различни периоди на христијанската ера. Бројот седум означува совршенство и симболички го прикажува фактот дека значењето на дадената порака се протега сѐ до крајот на времето, додека употребените симболи ја откриваат состојбата на црквата во различни периоди од историјата на светот.“ — *Делата на апостолите, 585*.

„Црквата опаѓала и затоа ѝ бил потребен строг укор и казна; и Јован бил инспириран да ги запише пораките кои носат во себе опомена, укор и сесрдни повици до оние кои, губејќи ги од вид основните начела на евангелието, ја изложиле на опасност и својата надеж на спасение. Меѓутоа, зборовите со кои Бог укорува, и кои ги смета за неопходни, секогаш се проникнати со љубов и совет дека секој верник што ќе се покае, ќе добие мир.“ — *Делата на апостолите, 587.*

## ЛИЧЕН ПРЕГЛЕД НА ПРАШАЊАТА
Петок, 2Мај

1. **Иако Исус немаше миленици, зошто Јован беше наречен љубениот ученик?**
2. **Што доведе до промена во животот и карактерот на Јован?**
3. **Како Бог ги осуети намерите на злите луѓе кои се обидоа да се ослободат од Јован?**
4. **Иако често погрешно се нарекува запечатена книга, што значи Откровението за нас?**
5. **Објасни ги Божјите намери во испраќањето пораките на укор до Неговата Црква.**

# Змевот, жената и остатокот

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ:** „И се разлути змевот на жената и отиде да војува со другите од семето нејзино што ги пазат Божјите заповеди и го имаат сведоштвото на Исус Христос“ (Откровение 12:17).

**Предлагаме да прочитате:** *Големата борба, 582-592.*

„Слободата на совеста, која била платена со толку многу жртви, нема повеќе да се почитува. Во судирот што ќе избие наскоро, ќе видиме исполнување на зборовите на пророкот.“ — *Големата борба, 592*.

## 1. ОТКРИЕНАТА ЦРКВА

Недела, 24. мај

**а. Што се гледа на почетокот на четвртото видение на Јован? Откровение 12:1.**

________________________________________________________________

**б. Во библиската симболика, што е предвидено да претставува жената? 2. Коринтјаните 11:2; Езекиел 23:2–4; Откровение 17:3–6.**

________________________________________________________________
________________________________________________________________
________________________________________________________________

„Во Откровение 17. глава Вавилон е прикажан како жена - слика која се користи во Библијата како симбол на црква. Жената полна со доблести ја претставува чистата црква, а неморалната жена отпаднатата црква.

Во Библијата светиот и траен карактер на односот меѓу Христа и Неговата црква се прикажува со брачна врска. Господ Својот народ го соединил со Себе со свечен завет и ветил дека ќе биде негов Бог, а народот се обврзал дека ќе му припаѓа Нему и само Нему. Тој вели: ‘Ќе те свршам за Себе вечно, и ќе те свршам за Себе во правда и справедливост, во благослов и милосрдност’ (Осија 2:19). И повторува: ‘Јас сум ваш маж’ (Еремија 3:14). И Павле го употребува истиот израз во Новиот завет кога кажува: ‘Ве свршив за еден маж, за да ве претставам пред Христос како чиста девица’ (2 Коринтјаните 11:2).“ — *Големата борба, 381*.

**а. Низ какви породилни маки помина црквата во исчекување на детето Месија? Откровение 12:2; Исаија 9:6; Лука 2:25–32.**

---

„Зборовите што ги изговорил Јаков при својата смрт ги исполниле со надеж: ‘Нема да се оддалечи жезолот од Јуда, ниту палката владеачка од кај неговите нозе, додека не дојде Шајло’. (Создавање 49:10) Опаѓањето на силата на Израел сведочело дека доаѓањето на Месијата е близу. Даниеловото пророштво ја опишало славата на Неговото владеење, над империја што ќе ги наследи сите земни царства и пророкот кажува дека ‘тоа ќе стои довека’. (Даниел 2:44) Малку имало такви, кои ја сфатиле природата на Христовата мисија, а многумина очекувале моќен Владетел, Кој ќе воспостави свое царство во Израел и Кој ќе дојде како Ослободител на народите.

Времето се навршило. Човештвото, станувајќи сè повеќе расипано поради вековните престапи, копнеело по доаѓањето на Откупителот.“ — *Копнежот на вековите, 34.*

**б. Која граѓанска власт е претставена со големиот црвен змев? Откровение 12:3.**

„Под симболите на големиот црвен змев, ѕверот сличен на леопард и ѕверот со рогови како кај јагне, на Јован му беа прикажани земните власти што особено ќе се истакнат во газењето на Божјиот закон и во прогонувањето на Неговиот народ.“ — *The SDA Bible Commentary [E. G. White Comments], vol. 7, p. 972.*

**в. Поради оваа сила налик на змев, со каква опасност се соочиле црквата и Месијата? Откровение 12:4**

„Сатаната се трудел да го продлабочи понорот помеѓу Земјата и Небото и да го стори непремостлив. Со своите лаги ги поттикнувал луѓето уште повеќе да грешат. Неговата цел била да се исцрпи Божјото трпение и да се изгасне Неговата љубов кон човекот, за Бог да го препушти светот да биде под сатанска власт.“ – *Копнежот на вековите, 34,35.*

„Сатаната на небото го мразел Христа поради Неговата положба во Божјите дворови. Тој уште повеќе го замразил Христа, кога самиот го загубил својот трон на Небото. Го мразел Оној, Кој се обврзал да го спаси грешниот човечки род. Сепак, Бог дозволил Неговиот Син беспомошно дете подложно на човечките слабости да дојде во светот, на кој сатаната полагал право на власт. Бог дозволил да се изложи на опасностите што се својствени за секоја човечка душа, да се бори, како што секое човечко дете мора да се бори и да се изложи на опасноста од неуспех и вечна загуба.“ – *Копнежот на вековите, 49*.

**а. Кој увид во минатото му беше откриен на Јован и какво е неговото значење? Откровение 12:7–9.**

„Спротивставувањето на Божјиот закон започна во небесните дворови со Луцифер, херувимот засолнувач. Сатаната реши да биде прв во небесните совети и еднаков со Бога. Своето бунтовничко дело го започна меѓу ангелите што беа под негова власт, настојувајќи меѓу нив да го прошири духот на незадоволство. Делуваше толку измамнички што многу ангели беа придобиени на негова страна уште пред неговите намери целосно да се откријат. Дури ни верните ангели не можеа целосно да го разберат неговиот карактер ниту да согледаат каде води неговото дело. Кога сатаната успеа да придобие мнозина на своја страна, тогаш ја изнесе својата работа пред Бога, претставувајќи ја како наводна желба на ангелите тој да го заземе местото што му припаѓаше на Христос.

Злото продолжи да дејствува сè додека духот на незадоволство не прерасна во отворен бунт. Тогаш настана војна на небото и сатаната, заедно со сите што му се придружија, беше исфрлен.“ — *The SDA Bible Commentary [E. G. White Comments], vol. 7, pp. 972, 973.*

**б. Како изјавата од Откровение 12:10,11 укажува дека последниот чин на Сатаниното исфрлање од небото се одиграл за време на Исусовата земна мисија?**

„Со пророчко око Христос ги видел сцените што ќе се одиграат во Неговиот последен голем судир. Знаел дека цело небо ќе триумфира кога Тој ќе извика: ‘Се сврши!’ До Неговото уво како веќе да допирала далечната музика и победничките извици од небесните дворови. Знаел дека тогаш ќе заѕвони последното посмртно ѕвоно на сатанското царство и дека Христовото име ќе се разгласи и издигне од планета до планета низ цела вселена.“ — *Копнежот на вековите, 679*.

„Планот на откупувањето имал една подлабока и поширока цел отколку што е спасението на човекот. Христос не дошол на земјата само за тоа жителите на овој мал свет да можат да го посматраат Божјиот закон онака како што треба да се посматра, туку да го прикаже и да го оправда Божјиот карактер и пред жителите на другите светови и пред целата вселена. На тоа мислел Спасителот кога пред своето распнување рекол: ‘Сега е судот на овој свет; сега кнезот на овој свет ќе биде исфрлен надвор. И кога Јас ќе бидам издигнат од земјата, сите ќе ги привлечам кон Себе’ (Јован 12:31,32). Христовата смрт за човековото спасение не само што го сторила небото достапно за човекот, туку пред целата вселена го оправдала карактерот на Бога и на неговиот Син во нивната постапка со бунтот што го предизвикал сатаната. Таа го потврдила вечното постоење и непроменливоста на Божјиот закон и ја открила природата на гревот и неговите последици.“ — *Патријарси и пророци, 68,69.*

**а. Која сѐ поголема опасност сега станува закана за Црквата? Откровение 12:12–13.**

„Сатаната, знаејќи дека царството што го узурпирал на крај ќе му биде одземено, реши да не штеди никакви средства за да уништи што е можно повеќе од суштествата што Бог ги создал по Својот образ. Тој го мразеше човекот затоа што Христос му покажа толку простувачка љубов и милост, па затоа настојуваше со секоја можна измама да го одведе во пропаст. Со уште поголема жестина го следеше својот пат, свесен за безнадежноста на сопствената состојба.“ — *The SDA Bible Commentary [E. G. White Comments], vol. 7, pp. 973, 974*.

„Интензитетот на големата борба помеѓу доброто и злото ќе се зголемува до самиот крај. Гневот на сатаната против Христовата црква се манифестирал во сите векови; Бог на Својот народ му ја подарил Својата благодат и Дух, за да го зајакне да може да се спротивстави на силата на злиот непријател. Кога Христовите апостоли требало да го објават Неговото евангелие на светот и да го запишат за сите подоцнежни поколенија, тие биле посебно надарени со просветлување од Светиот Дух. Но, како што црквата се приближува кон своето конечно избавување, така сатаната ќе дејствува со многу поголема сила: ‘Зашто ѓаволот слегол кај вас со голем гнев, бидејќи знае дека му останува малку време’ (Откровение 12:12). Тој ќе дејствува ‘со секаква сила и знаци и лажни чудеса’ (2 Солуњаните 2:9). Веќе шест илјади години овој генијален ум, кој некогаш бил највозвишен меѓу Божјите ангели, потполно е наклонет кон делото на измама и пропаст. И сета таа сатанска вештина и сето лукавство, и сета свирепост стекната во вековната борба, тој ќе ја употреби против Божјиот народ во конечниот судир. И токму во тоа време на опасност, Христовите следбеници треба да го предупредат светот укажувајќи му на второто Христово доаѓање, за да се подготви еден народ кој при Неговото доаѓање ќе застане пред Него ‘неосквернет и непорочен’ (2 Петрово 3:14). Во тоа време на црквата ќе ѝ биде потребна посебна Божја благодат, не помала од онаа во дните на апостолите.“ — *Големата борба, 9.*

**б. Опишете го искуството на црквата во текот на 1260 години угнетување и прогон. Откровение 12:6,14.**

**в. Каква помош беше испратена за да го одбие нападот на човечките сили што змевот имаше намера да ги употреби против верните? Откровение 12:15,16.**

„Кога во Европа се прочула веста дека постои една земја во која секој може да ги ужива плодовите на својата работа и да живее според уверувањето на сопствената совест, илјадници луѓе се упатиле кон брегот на Новиот свет.“ — *Големата борба, 296.*

## 5. ОСТАТОКОТ

Четврток, 28. мај

**а. Кога гневот на змевот го достигнува својот врв, како се опишани верните? Откровение 12:17.**

„Гледајќи низ вековите до крајот на светот, Јован вели: 'Се разгневи змејот на жената, и отиде да војува со остатокот од семето нејзино, кои што ги држат Божјите заповеди и го имаат сведоштвото на Исуса Христа'. (Откровение 12:7). Некои кои што живеат денес на земјата ќе го видат исполнувањето на тие зборови. Истиот оној дух кој во изминатите векови ги наведувал луѓето да ја прогонуваат вистинската заедницата, ќе направи и во иднина да се применат истите мерки кон оние кои што ќе останат верни на Бога. Веќе се вршат подготовки за последниот голем судир." — *Пророци и цареви, 605.*

**б. Како одликите на остатокот ја опишуваат црквата во последните денови? Откровение 14:12; 19:10.**

---

„Црквата на остатокот ќе Го признае Бога преку Неговиот закон и ќе го има дарот на пророштвото. Послушноста кон Божјиот закон и духот на пророштвото отсекогаш го разликувале вистинскиот Божји народ, а проверката најчесто се гледа во тоа како луѓето се однесуваат кон вистината што Бог ја открива во сегашното време." — *Loma Linda Messages, p. 33.*

„Црквата на остатокот ќе биде изложена на тешки искушенија и неволји. Оние кои ги држат Божјите заповеди и верата Исусова, ќе ја почувствуваат на себе лутината на змевот и неговата војска. Сатаната целиот свет го вбројува во своите поданици. Тој ја задобил власта над отпаднатите цркви; меѓутоа, постои една мала група на верни кои не ја признаваат Неговата власт." — *9 Сведоштво, 231.*

„Одбивањето да се послушаат Божјите заповеди и упорноста во негувањето омраза кон оние што ги објавуваат доведуваат до жестока војна од страна на змевот, кој со сите свои сили се бори против Божјиот народ што ги држи Неговите заповеди." — *8 Сведоштво, 117.*

## ЛИЧЕН ПРЕГЛЕД НА ПРАШАЊАТА

Петок, 29. мај

1. **Зошто во Библијата црквата е симболизирана со жена?**
2. **Објасни го ризикот што Божјиот Син го презеде за да дојде на земјата како човек.**
3. **Кога исфрлањето на сатаната од небото беше целосно довршено?**
4. **Опиши ја причината за гневот на змевот кон црквата.**
5. **Кои особини ги бараме кога го идентификуваме остатокот?**

# Дар во првата сабота

Сабота, 6 јуни 2026



## За молитвениот дом во Прага, Чешка

Чешката Република е држава во самото срце на Европа и граничи со Германија, Полска, Австрија и Словачка. Во неа се наоѓа Бохемија, историски регион со живописни села, величествени дворци и богато културно и духовно наследство, каде што Јан Хус (1369–1415) ги започнал своите големи реформи. Денес тоа е модерна секуларна држава со околу 10,9 милиони жители, од кои повеќе од 1,4 милиони живеат во главниот град Прага.

Прага не е само историски и културен центар, туку и место каде што илјадници луѓе имаат духовна потреба, каде што многумина трагаат по смислата на животот, надеж и мир во срцето. Меѓу населението, 47,8% се сметаат за нерелигиозни, 11,7% се изјаснуваат како христијани (од нив 9,3% католици и 2,4% други христијански деноминации), а 10,8% припаѓаат на други религии.

Делото на Реформното движење на АСД во овој град започна во мај 2014 година, кога само тројца луѓе се собраа на првиот состанок. Подоцна, во август 2020 година, еден пастор и неговото семејство беа испратени тука за да ја објавуваат пораката на сегашната вистина за спасение на изгубените души.

Денес прашката црква брои 30 членови, а заедно со заинтересираните и оние што се подготвуваат за крштевање, има околу 70 луѓе. Богослужбите моментално се одржуваат во изнајмен простор, но црквата усрдно се моли за можност да купи или изгради сопствен молитвен дом — место каде што Божјиот народ може да се собира, да се зајакнува во верата и да ја споделува светлината на вистината со луѓето околу себе.

„Домот во кој се молиме на Бога мора да одговара на Неговиот карактер и величество.“ – 5 Сведоштво, 268.

Драги браќа и сестри, денес имаме благословена можност да учествуваме во ова големо Божјо дело. Вашиот дар е вложување во вечноста — во спасението на души и во зајакнувањето на црквата во самото срце на Европа. Ве молиме, молете се за Божјо водство, великодушно поддржете го овој потфат и споделете ја оваа потреба со другите. Нека Господ го благослови секој што со љубов учествува во ова дело!

„Секогаш Му благодариме на Бога за сите вас, сеќавајќи се на вас во молитвите наши, непрестано“ (1 Солуњаните 1:2).

*Вашите браќа и сестри Прага*

# Ѕверот и белегот

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ:** „И ќе направи на сите - мали и големи, богати и сиромаси, слободни и робови - да им се стави белег на десната рака или на челата нивни“ (Откровение 13:16).

**Предлагаме да прочитате:** *Големата борба, 439–450.*

„Роговите како кај јагне, а гласот како на змев симболично укажуваат на забележливата противречност меѓу начелата и постапувањето на вака прикажаната нација.“ — *Големата борба, 442*.

## 1. МЕШОВИТАТА ЅВЕР

Недела, 30. мај

**а. Што виде Јован во Откровение 13:1 (првиот дел), и како го разбираме тоа во светлина на нашето проучување на Даниел 7:3?**

___

**б. Што можеме да научиме од тоа како некои од физичките карактеристики на ѕверот се поврзани со четирите ѕверови што претходно ги проучувавме? Откровение 13:2; Даниел 7:4–6.**

___

___

„Во 13. глава (стихови 1-10) е опишан друг ѕвер кој ‘прилегаше на леопард’, на кој змевот му ја даде ‘силата своја, и престолот свој и голема власт’. Овој симбол, како што веруваа повеќето протестанти, го претставува папството кое наследило сила, престол и власт од античката Римска империја. За ѕверот сличен на леопард се кажува: ‘Нему му се даде уста што зборуваше големи зборови и богохулства... Тогаш ја отвори устата за хулење против Бога, за да го навредува името Негово, живеалиштето Негово и оние што живеат на небото. И му се даде да војува против светиите и да ги победи; му се даде власт над секое колено, јазик и народ’. Ова пророштво, кое речиси е идентично со описот на малиот рог во Даниел 7. глава, без сомнение укажува на папството.“ — *Големата борба, 439*.

„Сатаната преку папството со векови управувал со граѓанските и со црковните власти на многу европски народи.“ — *Големата борба, 268,269.*

**а. Како се потврдува идентитетот на ѕверот врз основа на времето на неговата доминација? Откровение 13:5; Даниел 7:25.**

---

„'И му се даде власт така да прави четириесет и два месеци'. Пророкот понатаму вели: 'И видов дека една од главите негови како да беше смртно ранета'; потоа продолжува: 'Кој во прогонство води, во прогонство ќе биде одведен; кој со меч убива, од меч треба да биде убиен'. Овие четириесет и два месеци имаат исто значење како и она 'едно време, две времиња и половина време', три и пол години или 1260-те дена од Даниел 7. глава - односно го означуваат времето во кое папската власт ќе го угнетува Божјиот народ. Овој временски период, како што е изнесен во претходните глави, почнал со папската превласт во 538 година по Христа, а завршил во 1798. година. Во тоа време француската војска го заробила папата; папската власт добила смртна рана и се исполнило пророштвото: 'Кој во прогонство води, во прогонство и ќе биде одведен.'" — *Големата борба, 439.*

**б. Како ќе биде намалена надмоќта на ѕверот сличен на леопард? Откровение 13:3 (првиот дел), 10.**

---

**в. Какви постапки ќе преземе овој ѕвер? Откровение 13:6–8.**

---

---

„Влијанието на Рим во земјите што некогаш ја признавале неговата власт, сè уште не е уништено. И пророштвото претскажува обнова на неговата власт: 'И видов дека една од главите негови како да беше смртно ранета, но таа смртна рана му заздраве. Тогаш се зачуди целата земја и тргна по ѕверот' (Откровение 13:3). Нанесувањето на смртната рана укажува на падот на папството во 1798 година. Укажувајќи на ова време, пророкот вели: 'Но таа смртна рана му заздраве. Тогаш се зачуди целата земја и тргна по ѕверот'. Павле јасно вели дека 'човекот на беззакониего' ќе постои сè до второто Христово доаѓање (2 Солунјаните 2:8). Тој ќе продолжи со своите измами сè до крајот на времето. Писателот на Откровението, мислејќи исто така за папството кажува: 'И ќе му се поклонат сите земни жители, чии имиња не се запишани во книгата на животот на Јагнето' (Откровение 13:8). На папството ќе му биде укажана почит во Новиот како и во Стариот свет со тоа што ќе биде воспоставено празнувањето на неделата, зашто таа (неделата) почива единствено врз авторитетот на Римската црква." — *Големата борба, 578.*

**а. Која нова политичка сила се појавува на светската сцена токму во времето кога папската сила ја добива својата смртна рана? Откровение 13:11.**

---

„Но ѕверот со рогови како кај јагне е виден ‘како излегува од земјата’. Наместо да ги урне другите власти и самиот да воспостави своја власт, оваа вака претставена нација мора да се појави на една досега ненаселена територија и да се развива постепено и мирно. Затоа таа не можела да излезе од многубројните и меѓусебно завојувани народи на Стариот свет, односно од она немирно море на ‘луѓе и народи, племиња и јазици’. Неа мораме да ја бараме на Западниот континент.

Која нација во таканаречениот Нов свет почнала да се подига во 1798 година и станувала сè посилна и помоќна и го привлекла на себе вниманието на светот? Примената на овој симбол е надвор од секое сомневање. Само една единствена нација одговара на податоците на ова пророштво. Тоа јасно упатува на Соединетите Американски Држави. Често говорниците и историчарите несвесно ја употребувале мислата, а понекогаш и самите зборови на пророкот при опишувањето на настанокот и развојот на оваа нација. Ѕверот е виден ‘како излегува од земјата’. Зборот ‘излегува’ може да се преведе со ‘никнува или израснува како билка’. Но, како што видовме, таа нација морала да се појави на дотогаш ненаселена територија...

‘Имаше два рога како кај јагне’. Роговите како кај јагне укажуваат на младост, невиност и благост, што точно одговара на карактерот на Соединетите Држави во времето кога пророкот ги видел како се подигаат во 1798 година. Меѓу христијанските изгнаници кои први избегале во Америка и побарале засолниште пред угнетувањето на кралевите и пред нетрпеливоста на свештениците, имало многу такви кои решиле да основаат држава на широкиот темел на граѓанска и верска слобода. Нивните идеали биле внесени во „Декларацијата за независност“, којашто ја нагласува големата вистина дека „сите луѓе се родени еднакви“ и надарени со неотуѓиво право ‘на живот, слобода и потрага по среќа’. Уставот му гарантира на народот право на самоуправување, што значи дека од народот избрани претставници создаваат закони и се грижат за нивна правилна примена. Загарантирана е и верска слобода и секому му било дозволено на Бога да му служи според својата совест. Републиканскиот облик на владеење и протестантизмот беа основни начела на нацијата. Овие начела се тајна за нивната моќ и напредок. Многумина, кои во христијанските земји ширум Европа, биле прогонувани и угнетувани, се упатиле во оваа земја со големи очекувања и полни со надеж. Милиони се истовариле на нејзините брегови и Соединетите Држави се издигнале во редот на најсилните држави на светот.“ — *Големата борба, 440,441.*

**а. Кој шокантен развој на настаните треба да се случи, а ќе го спроведе ѕверот сличен на јагне? Откровение 13:12,16.**

„Роговите како кај јагне, а гласот како на змев симболично укажуваат на забележливата противречност меѓу начелата и постапувањето на вака прикажаната нација. 'Говорот' на една нација се одлуките на нејзините законодавни и судски власти. Со овие одлуки ќе ги негира слободоумните и мирољубиви начела што ги поставила како основа на својата државна политика. Пророштвото дека ќе зборува 'како змев' и 'ја извршува сета власт на првиот ѕвер', јасно го нагласува развојот на духот на нетолеранција и прогонство што го покажале и народите претставени со змевот и со ѕверот сличен на леопард. А изјавата дека ѕверот со два рога како кај јагне ќе направи 'целата земја и жителите нејзини да му се поклонат на првиот ѕвер' покажува дека оваа нација својата власт ќе ја злоупотреби да наметне држење на нешто со што ќе му укажува чест на папството.

Ваквата постапка директно би се спротивставувала на начелата на оваа држава, на духот на нејзините слободни институции, на директните и свечени одредби на Декларацијата за независност и на Уставот. Основачите на нацијата мудро настојувале да ја лишат црквата од световна власт, бидејќи тоа може да доведе до неизбежни последици како што се нетрпеливост и прогонство. Уставот предвидува дека: 'Конгресот не смее да озакони почитување на некоја религија, ниту пак да го забрани нејзиното слободно исповедање, и дека религиозната припадност никогаш не смее да биде услов за добивање на било која одговорна јавна функција во Соединетите Држави'. Само со флагрантно кршење на овие заштитни мерки на националната слобода, државната власт би можела да наметне почитување на некој религиозен пропис.“ — *Големата борба, 442.*

**б. Како присилното наметнување на белегот на ѕверот ќе ја претставува пропаста на Соединетите Држави? Изреки 14:34; Псалм 119:126.**

„Секој век на расипништво си натрупувал гнев за денот на гневот; и кога ќе дојде времето, кога беззаконието ќе се исполни, тогаш Бог ќе го изврши Своето необично дело. Ќе се покаже дека е страшно да се исцрпи божественото трпение; зашто Божјиот гнев ќе падне толку јасно и силно што е прикажан како непомешан со милост, и самата земја ќе биде опустошена. Во време на национално отпадништво — кога, постапувајќи според сатанската политика, владетелите на земјата ќе застанат на страната на човекот на беззаконието — тогаш мерката на вината ќе биде полна; националното отпадништво е знак за национална пропаст.“ — *Selected Messages, bk. 2, p. 373.*

## 5. БЕЛЕГОТ НА SВЕРОТ

Четврток, 4. јуни

**а. Кој знак ја обележува законодавната власт на Рим? Даниел 7:25.**

„Како знак на авторитетот на Католичката црква, папските писатели цитираат: 'Токму оваа промена на саботата во недела со која се согласуваат и протестантите... бидејќи, со празнувањето на неделата тие ја признаваат власта на црквата да ги одредува празниците и дека престапувањето на тие празници претставува грев' (Henry Fuberville, An Abridgment of the Christian Doctrine, page 58). Според тоа, што е друго промената на саботата ако не жиг или знак на моќта на Римската црква –'жиг на sверот'?...

Кога празнувањето на неделата ќе биде наметнато со закон, и кога светот потполно ќе биде упатен и просветлен во врска со должностите кон вистинската сабота, тогаш сите што ќе ја прекршат Божјата заповед за да ја послушаат наредбата зад која што не стои поголем авторитет од оној на Рим, со тоа ќе му оддадат поголема почит на папството отколку на Бога.“ — *Големата борба, 448,449*.

**б. Опишете го врвот на спротивставените движења — едното што ќе ги просветли душите во врска со вистината и другото што ќе го наметне белегот на sверот. Откровение 13:13–15; 16:13,14; Матеј 24:14,24.**

„Црквата ќе се потпре врз силната рака на граѓанската власт и во тоа католиците и протестантите ќе се обединат. Кога движењето за задолжително празнување на неделата ќе биде посмело и порешително, тогаш и законот ќе биде повикан на помош против оние што ги држат Божјите заповеди. Ќе им се закануваат со парични казни и со затвор, а на некои ќе им се понудат влијателни места и положби, како и други награди и предности, како поттик да се откажат од својата вера. Но нивниот непоколеблив одговор ќе гласи: ‚Докажете ни ја со Божјото слово нашата заблуда' - истото она што го барал и Лутер кога се нашол во слични околности. Оние што ќе бидат доведени пред судовите ќе ја одбранат вистината силно и убедливо, и некои од оние што ги слушаат ќе бидат поттикнати да се решат да ги држат сите Божји заповеди. На овој начин светлината ќе осветли илјадници такви кои инаку никогаш не би дознале за овие вистини.“ — *Големата борба, 607.*

## ЛИЧЕН ПРЕГЛЕД НА ПРАШАЊАТА

Петок, 5. јуни

1. **Како некои од карактеристиките на sверот од Даниел 7 се пренеле и на Рим?**
2. **Потсети се на некои од начините на кои бројчано е изразен периодот од 1260 години папска превласт.**
3. **Зошто смртоносната рана не резултираше со смрт на sверот?**
4. **Кои единствени особини на Соединетите Држави беа прикажани со роговите на јагнето?**
5. **Дали луѓето кои денес ја празнуваат неделата веќе го примиле белегот на sверот?**

# Трите ангели

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ:** „И се свртев за да го видам гласот што зборуваше со мене; и штом се свртев, видов седум златни свеќници“ (Откровение 14:12).

**Предлагаме да прочитате:** *Рани списи, 232-261.*

„Ми беа прикажани три степени — првата, втората и третата ангелска порака. Мојот ангел придружник рече: ‘Тешко на оној што ќе измени и најмал дел од овие пораки. Правилното разбирање на овие пораки е од животно значење.’“ — *Рани списи, 258*.

## 1. АНГЕЛИТЕ ВО ОТКРОВЕНИЕ — Недела, 7. јуни

**а. Спореди и разгледај ги разликите меѓу различните видови весници претставени со ангели. Откровение 1:20; 10:1,5; 11:1; 22:8.**

**б. На кој начин Бог испраќа порака до секое човечко суштество на земјата? Римјаните 10:13–15.**

„За свои претставници меѓу луѓето Бог не ги бира ангелите кои никогаш не паднале, туку човечки суштества, со исти чувства и склоности како и оние кои треба да ги спасуваат. Христос се вознел во човечка природа за да може да допре до луѓето. На светот му бил потребен Спасител со божествено- човечка природа за да му донесе спасение. А сега, на луѓето им е доверена света задача ‘Христовото богатство, кое не може целосно да се сфати’ (Ефесјаните 3:8), да му го објават на своите ближни.“ — *Делата на апостолите, 134.*

„Ние сме повикани во соработка со ангелите да го прикажуваме Исуса на светот... бидејќи каналот за врска со човекот мора да биде човек. И кога со цело свое срце ќе му се предадеме на Христа, ангелите се радуваат што можат преку нашите гласови да ја откријат Божјата љубов.“ —*Копнежот на вековите, 297.*

**в. Кој е симболизиран со ангелите од Откровение 14:6–12 и со нивната мисија? Матеј 28:19,20; Дела 1:8.**

„Ангелите се прикажани како летаат среде небото, објавувајќи му на светот порака на предупредување... Никој не го слуша гласот на овие ангели, затоа што тие се симбол што го претставува Божјиот народ кој работи во хармонија со небесната вселена.“ — *Selected Messages, bk. 2, p. 387.*

**а. Кому првиот ангел ја носи својата порака? Откровение 14:6.**

„Пророштвото запишано во 14. глава на Откровението, претставува појава на едно силно верско будење како резултат на проповедањето на веста за скорешното Христово доаѓање...

Летот на ангелот ‘среде небото’, ‘високиот глас’ со кој се проповеда веста и нејзиното ширење меѓу сите ‘жители земни’ – ‘на секое племе и колено, јазик и народ’ - ја покажуваат брзината со која се шири движењето и неговата светска распространетост.“ — *Големата борба, 355.*

**б. Како првиот ангел го насочи вниманието кон Бог како Творец? Откровение 14:7; Создавање 1:1; Ефесјаните 3:9.**

**в. Размислете за тоа како адвентното движење се поистовети со пораката на првиот ангел и со претстојниот суд во своето проповедање за скорото Христово доаѓање. Даниел 7:26,27; 8:14; Дела 17:30,31.**

„На Вилијам Милер и на неговите соработници им беше дадена задача да ја проповедаат адвентната вест во Америка. Оваа земја стана средиште на големото адвентно движење. Овде директно се исполни пророштвото на првата ангелска вест. Милеровите списи и списите на неговите другари беа однесени во најоддалечените земји. Каде и да пристигнеа мисионери, беше објавена и радосната вест за скорешното Христово доаѓање. На сите страни се ширеше веста на вечното евангелие: ‘Имајте стравопочит кон Бога и подајте Му слава зашто настапи часот на Неговиот суд’.

Сведочењето на пророштвото кое, како што се чинело тогаш, укажувало на второто Христово доаѓање во пролетта 1844. година, оставило длабок впечаток врз народот. Како што се ширеше веста од држава во држава, насекаде настануваше големо будење. Мнозина беа осведочени дека доказите, засновани на пророчкото сметање на времето се исправни, и напуштајќи ги своите лични мислења, со радост ја прифаќаа вистината. Некои проповедници ги отфрлија своите тесногради погледи и чувства, се откажаа од своите плати и од своите цркви и се соединија во објавувањето на повторното Исусово доаѓање. Но, сразмерно малку беа проповедниците што ја прифатија оваа вест; затоа таа во поголема мера им беше доверена на понизните лаици. Земјоделците ги напуштаа своите полиња, занаетчиите своите работилници, трговците својот добиток, службениците своите положби; сепак, бројот на работниците беше недоволен во однос на делото што требаше да се изврши. Состојбата во која се наоѓаше безбожната црква и светот потонат во зло ги тиштеа душите на верните стражари и тие доброволно поднесуваа неволји, страдања и скудност за да можат да ги повикаат луѓето на покајание и спасение. Иако сатаната им се противеше, делото сепак постојано напредуваше, а вистината за повторното Христово доаѓање ја прифатија многу илјадници.“ —*Големата борба, 368.*

**а. Што вели вториот ангел за духовната состојба на оние што тврдат дека се Христова црква? Откровение 14:8.**

---

„Што е тоа вино? — Тоа се лажните учења на Вавилон. Вавилон му даде на светот лажна сабота наместо саботата од четвртата заповед и ја повтори лагата што сатаната прврпат ѝ ја кажа на Ева во Едем — дека душата е природно бесмртна. Надалеку и нашироко рашири многу слични заблуди, ‘учејќи науки, што се човечки заповеди’ (Матеј 15:9).“ — *Selected Messages, bk. 2, p. 118.*

„Вавилон негуваше отровни учења — виното на заблудата. Тоа вино на заблудата се состои од лажни учења, како што се: природната бесмртност на душата, вечното мачење на безбожниците, негирањето на Христовото постоење пред Неговото раѓање во Витлеем и застапувањето и возвишувањето на првиот ден од седмицата над Божјиот свет и осветен ден. Овие и сродни заблуди им се претставуваат на светот од страна на разни цркви, и така се исполнува Писмото што вели: ‘Зашто зашто сите народи ги напои со жестокото вино на своето блудство.’“ — *Testimonies to Ministers, pp. 61, 62.*

**б. Опишете како оние што веруваа во вистинитоста на адвентното движење го разбраа своето прво разочарување, откритието за вистинскиот завршеток на 2300-те денови и налогот упатен до нив да се одвојат од оние што ја отфрлија пораката. Авакум 2:3; Матеј 25:6.**

---

---

„Во летото 1844 година, во средината на времето кога првпат се очекуваше крајот на 2300 денови, и есента истата година, кога тие денови навистина истекле, како што се докажа подоцна, веста се објавуваше со библиските зборови: ‘Еве го младоженецот, излезете да го пречекате!’

Она што доведе до ова движење беше откритието дека декретот на Артаксеркс за обнова на Ерусалим, кој беше појдовна точка на пророчкото време од 2300 дена, стапил во сила есента 457 година пред Христа, а не на почетокот на таа година, како што се мислеше порано. Ако овие 2300 години почнуваат есента 457 година пред Христа, тогаш овој период завршува во есента 1844 година.“ — *Големата борба, 398,399.*

„Бидејќи црквите одбија да ја примат пораката на првиот ангел, ја отфрлија светлината од небото и отпаднаа од Божјата наклонетост. Се потпреа на сопствената сила и, спротивставувајќи се на првата порака, се ставија во положба во која не можеа да ја видат светлината на пораката на вториот ангел. Но Божјите возљубени, кои беа угнетувани, ја прифатија пораката: ‘Падна Вавилон,’ и ги напуштија црквите.“ — *Рани списи, 237*.

**а. Какво запрепастувачко предупредување доаѓа од третиот ангел? Откровение 14:9–11.**

---

„Најстрашна закана, која некогаш им е упатена на смртниците, е содржана во пораката на третиот ангел. Гревот за кој тука станува збор, и што го предизвикува излевањето на Божјиот гнев непомешан со милост, мора навистина да е страшен. Луѓето не смеат да останат во темнина во врска со овој мошне важен предмет. Предупредувањето против овој грев треба да му се објави на светот уште пред излевањето на Божјите судови за сите да можат да знаат зошто тие треба да се излеат и да им се даде можност да ги избегнат... Според пророштвото, оваа опомена ќе биде објавена ‘со силен глас’ од страна на еден ангел кој лета среде небото и кој ќе го привлече на себе вниманието на целиот свет.“ —*Големата борба, 449,450.*

**б. На кој начин светите се издвојуваат во времето на пораката на третиот ангел? Откровение 14:12.**

„Поклониците на вистинскиот Бог особено ќе се одликуваат со држење на четвртата заповед, бидејќи тоа е знак на Божјата создавачка сила и сведоштво за Неговото право на стравопочитување и уважување од страна на човекот. Безбожниците ќе се препознаат по своето настојување да ја омаловажуваат саботата која како споменик потсетува на Творецот и да ја издигнат институцијата на Рим (неделата). По исходот од борбата, целокупното христијанство ќе биде поделено на две големи групи - на оние кои ги држат Божјите заповеди и верата Исусова, и оние кои се поклонуваат на белегот и Неговата биста и го примаат Неговиот белег. Иако црквата и државата ќе ги соединат своите сили за да ги присилат сите ‘мали и големи, богати и сиромаси, слободни и робови’ за да го примат белегот на ѕверот, народот Божји сепак нема да го прими. (Откровение 13:16)." — *9 Сведоштво, 16,17.*

**в. Како е опишано ширењето на пораката на третиот ангел? Откровение 7:2,3.**

„На состанок одржан во Дорчестер, Масачусетс, во ноември 1848 година, ми беше дадено видение за објавувањето на пораката за запечатувањето и за должноста на браќата да ја објавуваат светлината што ја осветлуваше нашата патека.

Откако излегов од видението, му реков на мојот сопруг: ‘Имам порака за тебе. Мораш да почнеш да печатиш еден мал весник и да го испраќаш до луѓето. Нека на почеток биде мал; но кога луѓето ќе почнат да го читаат, ќе ти испраќаат средства за печатење, и делото ќе биде успешно уште од самиот почеток. Ми беше покажано дека од тој мал почеток ќе потечат струи светлина што ќе се рашират по целиот свет.’“ – *Life Sketches, p. 125.*

## 5. ВРВОТ НА ПОРАКАТА

Четврток, 11. јуни

а. **Како ќе се исполни прореченоот благослов за оние што умреле во вера за време на објавувањето на пораката на третиот ангел? Откровение 14:13; Даниел 12:2.**

____________________________________________

____________________________________________

„На полноќ Бог одлучи да го избави Својот народ. Додека злите се потсмеваа околу нив, одеднаш се појави сонцето, сјаејќи во својот полн сјај, а месечината застана. Злите го гледаа тој призор со запрепастување, додека светиите со свечена радост ги набљудуваа знаците на своето избавување. Знаци и чуда следеа брзо едно по друго. Сè изгледаше изместено од својот природен тек. Потоците престанаа да течат. Темни, тешки облаци се насобраа и се судираа еден со друг. Но на едно место се гледаше јасен сјај на постојана слава, од каде доаѓаше Божјиот глас како шум на многу води. Настана силен земјотрес. Гробовите се отворија и оние што умреа во вера во времето на пораката на третиот ангел, пазејќи ја саботата, излегоа од своите прашливи лежишта прославени, за да го слушнат заветот на мирот што Бог ќе го склучи со оние што го пазеле Неговиот закон.“ — *Рани списи, 285.*

б. **Што ќе се случи кога пораките на тројцата ангели ќе бидат приведени кон својот крај? Откровение 14:14–16; Марко 4:26–29.**

____________________________________________

____________________________________________

____________________________________________

„Видов ангели како брзаат наваму-натаму по небото. Еден ангел, со писарска мастилница покрај себе, се врати од земјата и го извести Исуса дека неговата работа е завршена и дека светиите се пребросни и запечатени. Потоа го видов Исуса, кој служеше пред ковчегот што ги содржеше десетте заповеди, како ја фрли кадилницата. Тој ги подигна Своите раце и со силен глас рече: ‘Свршено е.’“ — *Рани списи, 279*.

## ЛИЧЕН ПРЕГЛЕД НА ПРАШАЊАТА

Петок, 12. јуни

1. **Зошто Бог го направил проповедањето на евангелието зависно од човечки орудија?**
2. **На кој начин пораката на првиот ангел го обиколи светот?**
3. **Опиши ја причината за давањето на пораката на вториот ангел.**
4. **Која разлика ја истакнува пораката на третиот ангел?**
5. **Кој настан ќе се случи по завршувањето на пораките на тројцата ангели?**

# Последниот повик

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ:** „А по ова видов како слегува од небото друг ангел кој имаше голема власт: и земјата светна од неговиот болскот“ (Откровение 18:1).

**Предлагаме да прочитате:** *Големата борба, 603–612.*

„Големото дело на евангелието нема да се заврши со помала манифестација на Божјата сила од онаа што го одбележала неговиот почеток.“ — *Големата борба, 611.*

## 1. ВЕЛИКИОТ ВАВИЛОН — Недела, 14. јуни

**а. Опишете ја драматичната сцена кога Јован ја виде црквата позната како великиот Вавилон. Откровение 17:1–6.**

______________________________________________________________________

„Жената (Вавилон) во Откровение 17 глава се прикажува како жена ‘облечена во пурпур и скерлет и накитена со злато, со драгоцени камења и бисери. Во раката своја držeше златна чаша, полна со гнасотија и нечистотија од блудството нејзино. А на челото и беше напишано името: Тајна, великиот Вавилон, мајка на блудниците и на земните гнасотии‘. Пророкот вели: ‘И ја видов жената како се опива со крвта на светиите и со крвта на сведоците Исусови’ (Откровение 17:4-6). Понатаму за Вавилон се кажува дека е ‘голем град кој царува над земните цареви’ (Откровение 17:18). Силата која многу векови деспотски господарела над христијанските владетели бил Рим. Пурпурот и црвеното, златото, скапоцените камења и бисерот, живо го прикажуваат сјајот и царскиот раскош со кој се гордеел Рим. Ниту за една друга власт не може со толкаво право да се каже дека е ‘пијана од крвта на светите’ како за онаа која толку свирепо ги прогонувала Христовите следбеници. Вавилон е виновен и за грев поради незаконски врски со ‘земните цареви’. Со оддалечувањето од Господа и со врската со многубошците, еврејската црква станала блудница; а Рим, кој и самиот на ист начин се расипал, барајќи поддршка од световните власти, добива иста осуда.“ — *Големата борба, 382.*

**б. На кој начин оваа сила ќе дојде до својот крај? Откровение 17:15–18.**

______________________________________________________________________

**а. Опишете го доаѓањето на ангелот што се појавува во Откровение 18:1.**

„Трите ангелски пораки треба да се обединат за нивната тројна светлина да му биде објавена на светот. Во Откровението Јован пишува: 'Видов друг ангел, како слегува од небото, кој имаше голема власт, и земјата се осветли од неговата слава.' (Откровение 18:1–5) Ова е последната тројна опомена упатена на светот." — *The SDA Bible Commentary [E. G. White Comments], vol. 7 p. 985.*

„Црквата е ризница на богатството на Христовата благодат; и преку црквата Божјата љубов конечно ќе им се открие дури и на 'на началствата и властите небесни' (Ефесјаните 3:10)." — *Делата на апостолите, 9*.

**б. Што означува славата на ангелот и како е прикажана? Псалм 29:1,2; Јован 17:22,23.**

---

„Кога луѓето ќе го запостават изградувањето на својот карактер и украсувањето на душата, кога ќе започнат да ја презираат едноставната побожност, тогаш гордоста и љубовта кон раскошот бараат сјајни храмови, величествени наметки и церемонии. Меѓутоа со сето тоа не се слави Бог. Тој не ја вреднува својата црква според надворешниот сјај, туку по искрената побожност која се одвојува од светот. Тој ја цени според напредувањето на нејзините членови во познавањето на Христа, и нивното духовно искуство." — *Пророци и цареви, 565,566.*

**в. в. Како Бог ја опиша својата слава кога Мојсеј побара да ја види? Излез 33:18,19; 34:5–7.**

---

---

„Славата на Божјите особини е изразена во Неговиот карактер. Секоја страница од Светото Писмо сјае со Неговата светлина. Христовата праведност, како чист, сјаен бисер, нема никаков недостиг, ниту дамка. Ниту едно човечко дело не може да го подобри големиот и скапоцен Божји дар. Тој е без мана." — *Христовите поуки, 115*.

„Овој карактер беше откриен во Христовиот живот. За со Својот личен пример да го осуди гревот во човечката природа, Тој го зеде врз Себе обличјето на грешното тело. Тој постојано го гледаше Божјиот карактер и постојано го откриваше Неговиот карактер на светот.

Христос сака Неговите следбеници во својот живот да го откриваат истиот тој карактер." — *God's Amazing Grace, p. 322*.

**а. Како ангелот им се обраќа на жителите на Вавилон? Откровение 18:2.**

---

„Голема сила и слава му беа дадени на ангелот, и кога се спушташе, земјата беше осветлена со неговата слава. Светлината која што го следеше овој ангел продираше насекаде, и тој викаше со силен глас: ‘Падна, падна великиот Вавилон, и стана ѓаволско живеалиште и засолниште на секаков нечист дух, врталиште на сите нечисти и гадни птици.’ Пораката за падот на Вавилон, како што е дадена од вториот ангел, е повторена, со додадено напоменување за изопачувањето коешто има влезено во црквите од 1844 година.“ — *Рани списи, 277*.

**б. Што се променило во Вавилон од времето кога првпат беше објавена пораката на вториот ангел? Откровение 18:3.**

---

„Втората ангелска вест од Откровение 14 глава првпат се проповедаше летото во 1844 година и истата се однесуваше особено на црквите во Соединетите Држави каде што опомената за судот најмногу се објавуваше и главно беше отфрлена и каде што опаѓањето на црквата беше најбрзо. Но, веста на вториот ангел не се исполни целосно во 1844 година. Тогаш црквите што се противеа да ја прифатат светлината на адвентната вест доживеаја морален пад, но сепак, тој пад не беше целосен. Бидејќи тие продолжија да ги отфрлаат посебните вистини одредени за тоа време, паѓаа сè подлабоко. Сепак, уште не можеше да се каже: ‘Падна големиот Вавилон... зошто сите народи ги напои со жестокото вино на своето блудство’. Вавилон уште не ги опил сите народи. Духот на прилагодување кон светот и на рамнодушност кон вистините кои претставуваат проверка на верноста за нашето време постои и се прошири во протестантските цркви во сите христијански земји; и сите тие цркви се опфатени со свеченото и страшно обвинување на вториот ангел. Но делото на отпадот сè уште не го достигнал својот врв.

Библијата ни кажува дека пред Господовото доаѓање сатаната ќе дејствува ‘со секаква сила и знаци и лажни чудеса и со секакво неправедно измамување’; и оние што ‘не ја примиле љубовта на вистината та да би се спасиле’, ќе ги прифатат сите измами и ќе ѝ веруваат на лагата (2 Солунјаните 2:9-11). Дури кога ќе настапи ваква состојба и кога во целото христијанство ќе се постигне обединување на црквата со светот, тогаш падот на Вавилон ќе биде целосен. Промената ќе настанува постепено, а пророштвото од Откровение 14:8 целосно ќе се исполни во иднина.“ — *Големата борба, 389,390*.

**а. Кој итен повик тогаш ќе го слушаат оние што сѐ уште се во Вавилон? Откровение 18:4.**

---

„Откровение 18 глава укажува на времето кога црквата, затоа што ќе ја отфрли тројната опомена од Откровение 14:6-12, во целост ќе ја достигне состојбата што ја изнел вториот ангел, а Божјиот народ, кој сѐ уште е во Вавилон, ќе биде повикан да излезе од своите цркви. Ова е последна вест што ќе му биде објавена на светот и таа ќе ја изврши својата задача. Кога оние ‘кои не поверуваа во вистината, а ја засакаа неправдата’ (2 Солуњаните 2:12), ќе бидат предадени на силата на измамата да ѝ веруваат на лагата, тогаш светлината на вистината ќе ги осветли оние чиишто срца се подготвени да ја примат, и сите Божји деца што се наоѓаат во Вавилон ќе го прифатат повикот: ‘Излезете од неа, народе Мој!’ (Откровение 18:4).“ — *Големата борба, 390.*

**б. Кои се поединците наречени „луѓе Мои“, на кои им е упатен повикот да го напуштат Вавилон? Јован 10:16.**

---

„И покрај духовната темнина и отстапувањето од Бога во црквите што го сочинуваат Вавилон, мнозинството вистински Христови следбеници сѐ уште се наоѓаат во тие верски заедници. Меѓу нив има многу такви кои никогаш не слушнале за посебните вистини за нашето време. Мнозина се незадоволни со својата сегашна состојба и копнеат за појасна светлина. Тие напразно го бараат Христовиот лик во црквите во кои се наоѓаат. Бидејќи овие верски заедници сѐ повеќе се оддалечуваат од вистината и се соединуваат со светот, разликата меѓу овие две групи ќе станува сѐ поочигледна, и најпосле ќе дојде до нивно одделување. Ќе дојде време кога оние што го љубат Бога повеќе од сѐ не ќе можат и понатаму да останат поврзани со оние кои се ‘повеќе сластољубиви отколку богољубиви, на изглед побожни, а од силата на Бога се одрекле’ (2 Тимотеј 3:4,5).“ — *Големата борба, 390.*

**в. Зошто повикот да се излезе од Вавилон е толку итен? Откровение 18:5–8.**

---

---

„Светлина која што беше излеана врз оние што чекаа, се пробиваше насекаде и оние во црквите кои имаа каква и да е светлина, кои што не ги слушнаа и ги отфрлија трите пораки, го послушаа повикот и ги напуштија паднатите цркви.“ — *Рани списи, 278.*

## 5. СПРЕМНИ ДА ГО УПАТИМЕ ПОВИКОТ — Четврток, 18. јуни

**а. Опишете ја важноста на јасна и недвосмислена порака на предупредување. Исаија 58:1; 1 Коринтјаните 14:7,8.**

---

---

„Осумнаесеттото поглавје од Откровението ја открива важноста вистината да се објавува без задршка, туку со смелост и сила... Имало премногу околишување во објавувањето на пораката на третиот ангел.“ — *Evangelism, p. 230.*

„Божјата намера беше стражарите да станат и со здружени гласови да испратат јасна и одлучна порака, давајќи ѝ на трубата јасен звук, за сите луѓе да можат подготвено да ги заземат своите места и да се фатат за должноста, исполнувајќи ја својата улога во ова возвишено дело. Тогаш силната, јасна светлина на оној друг ангел што слегува од небото со голема власт ќе ја осветли целата земја со својата слава. Со години заостануваме; а оние што стоеја во заслепеност и го попречуваа напредокот на самата порака што Бог сакаше да тргне од состанокот во Минеаполис како запалена светилка, треба да ги понижат своите срца пред Бога и да увидат и разберат како делото било попречено поради заслепеноста на умот и закоравеноста на срцето.“ — *The Ellen G. White 1888 Materials, p. 1070.*

**б. Кој сериозен Исусов повик секој од нас може лично да го прифати? Јован 12:35,36.**

---

„Друг ангел го соединува својот глас со третиот ангел, и земјата се осветлува од неговата слава. Светлината станува сé посилна и ги осветлува сите народи на земјата. Таа треба да оди напред како светлина што гори. Ќе биде придружена со голема сила, сè додека нејзините златни зраци не паднат врз секој јазик, секој народ и секое племе по целата земја. Дозволете да ве прашам: што правите за да се подготвите за ова дело? Дали градите за вечноста? Мора да запомните дека овој ангел ги претставува луѓето што ја носат оваа порака на светот. Дали сте меѓу тие луѓе?“ — *The Review and Herald, August 18, 1885.*

## ЛИЧЕН ПРЕГЛЕД НА ПРАШАЊАТА — Петок, 19. јуни

**1. Објасни како Рим одговара на описот на Вавилон, мајката на блудниците.**
**2. Што е вистинската Божја слава што ќе ја открие другиот ангел?**
**3. Зошто пораката на вториот ангел мора да се повтори?**
**4. Каде денес се наоѓаат мнозинството вистински следбеници на Исус?**
**5. Како можам денес позитивно да влијаам наместо да му пречам на Божјото дело?**

# Претсказаниот крај

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ:** „И Седнатиот на престолот рече: ‘Ете, сè ново создавам.’ И ми рече: ‘Напиши, зашто овие зборови се вистинити и верни’“ (Откровение 21:5).

**Предлагаме да прочитате:** *Рани списи, 279–295.*

„Нашиот мал свет, кој поради проклетството на гревот претставува единствена темна дамка во Неговото величествено дело на создавање, ќе биде издигнат над сите останати светови во Божјата вселена.“ — *Копнежот на вековите, 26.*

## 1. СЕДУМТЕ ПОСЛЕДНИ ЗЛА

Недела, 21. јуни

**а. Што е откриено во врска со Божјите судови што ќе бидат излеани на земјата? Откровение 15:1; поглавје 16.**

„Потоа видов дека седумте зла наскоро треба да се излеат врз оние кои не се под заштита на Семоќниот; меѓутоа, светот за тоа се грижеше не повеќе отколку што би обрнувал внимание во случај да надоаѓа некој обичен дождец. Тогаш бев оспособена да го издржам набљудувањето на страшна глетка излевањето на Божјиот гнев во времето на седумте последни зла. Видов дека Неговиот гнев е страшен и ужасен и кога Тој би ја подигнал и би ја испружил Својата рака во гнев, жителите на овој свет би биле уништени како никогаш воопшто и да не постоеле или би страдале од неизлечиви рани и смртоносни болести кои би ги снашле; не би нашле спас, туку би биле уништени.“ — *Рани списи, 64.*

**б. На кој поинаков начин е опишана оваа иста сцена? Еремија 25:30–33; Откровение 19:17–21.**

________________________________________________________________________

„Грешните ги пречекориле границите на времето на милоста што им било дадено. Божјиот Дух, на кого толку упорно му се противеле, најпосле се повлекол од нив. Незаштитени со Божјата милост, тие се без заштита пред нечестивиот. Тогаш сатаната земните жители ќе ги турне во голема, последна неволја. Кога Божјите ангели ќе престанат да ги задржуваат страшните ветришта на човечките страсти, ќе бидат ослободени сите елементи на судирот. Целиот свет ќе биде зафатен со пропаст пострашна од онаа што некогаш го снашла Ерусалим.“ — *Големата борба, 614.*

**а. Како книгата Откровение го опишува второто Христово доаѓање? Откровение 1:7; 6:15–17.**

„Набргу нашите очи беа привлечени од појавата на еден мал црн облак со големина отприлика колку половина од една човечка тупаница, за кој сите ние знаевме дека е тоа знакот на Синот човечки. Сите во свечена тишина гледаме како облакот се приближува и станува сѐ посветол и повеличествен и сѐ повеличествен, за конечно да се претвори во голем бел облак. Долната страна му изгледаше како пламен; над него се издигаше виножито, додека околу него се наоѓаа десетици илјади ангели кои пееја најубава песна; и врз облакот седеше Синот човечки. Неговата коса беше бела и кадрава, спуштајќи му се до раменици, а на главата имаше многу круни. Неговите стапала изгледаа како оган, во Неговата десна рака имаше остар срп, а во левата сребрена труба. Неговите очи беа како огнен пламен, кои ги испитуваат Неговите деца до дното на душата. На сите насобрани лицата им побледеа, а на оние кои Бог ги отфрли им беа поцрнети. Тогаш сите гласно извикавме: ‘Кој може да опстане? Дали облеката ми е беспрекорно чиста?’ Ангелите престанаа да пеат и за момент владееше ужасна тишина, кога Исус прозборе: ‘Ќе опстанат само оние кои имаат чисти раце и чисто срце; Мојата благодат е доволна за вас’. На тие зборови нашите лица повторно се облеаја во сјај и радост го исполни секое срце. И ангелите запеаја повторно еден тон повисоко, додека облакот се приближуваше сѐ поблиску до земјата.“ — *Рани списи, 15,16.*

**б. Што потоа ќе направат ангелите? Матеј 24:31; 1 Солуњаните 4:16,17.**

„Гревот ја изобличил и речиси ја избришал божествената слика во човекот; но Христос дошол пак да го воспостави она што е загубено. Тој ќе го преобрази нашето понижено тело и ќе го направи слично на Своето прославено тело. Смртното, распадливо тело, лишено од убавината, некогаш опоганeто со грев, станува совршено, убаво и бесмртно...

Ангелите ги собираат ‘Своите избрани од четирите ветра, од крајот на земјата до крајот на небото’ (Марко 13:27). Малите деца светите ангели ги носат во прегратките на нивните мајки. Пријателите, кои толку долго смртта ги разделувала, пак се среќаваат за никогаш повеќе да не се разделат и со песни на радост се искачуваат заедно во Божјиот град.“ — *Големата борба, 645.*

**в. Каде ќе биде сместен сатаната? Откровение 20:1,2.**

„Тука ќе престојуваат сатаната и неговите зли ангели илјада години. Ограничен само на Земјата, тој ќе нема пристап до другите светови да ги искушава и да ги вознемирува оние што никогаш не згрешиле.“ — *Големата борба, 659.*

**а. Што ќе прават светите во текот на илјада години од Сатанинното заточеништво? Откровение 20:4–6; 1 Коринтјаните 6:2,3.**

---

„За време на овие илјада години, меѓу првото и второто воскресение, ќе им се суди на грешниците. Апостол Павле укажува на овој суд како на настан што се случува по второто Христово доаѓање. 'Не судете ништо предвреме, додека не дојде Господ, Кој ќе го изнесе на видело сокриеното во мракот и ќе ги објави намерите на срцата' (1 Коринтјаните 4:5). Даниел кажува дека, кога ќе дојде Старецот, ќе им го даде судот 'на светиите од Севишниот' (Даниел 7:22). Во ова време праведниците ќе владеат како цареви и свештеници на Бога. Јован во Откровението кажува: 'И видов престоли и седнати на нив, на кои им беше дадено да судат... Ќе бидат свештеници на Бога и ќе царуваат со него илјада години' (Откровение 20:4,6). Во ова време, како што предвидел Павле, 'светите ќе го судат светот' (1 Коринтјаните 6:2). Заедно со Христа тие ќе им судат на грешниците споредувајќи ги нивните дела со Книгата на законот, со Библијата, и ќе го решат случајот на секој поединец според делата што ги направил во животот. Тогаш казната што мора да ја искусат грешниците ќе биде одмерена според нивните дела и запишана покрај нивното име во книгата на смртта.

Христос и Неговиот народ ќе им судат на сатаната и на неговите зли ангели. Павле кажува: 'Не знаете ли дека ангели ќе судиме?' (1 Коринтјаните 6:3) А апостол Јуда изјавува: 'Ангелите, пак, што не се покоруваа на своето началство, и го напуштија живеалиштето, ги стави во вечни окови, во мрак за суд на големиот ден' (Јуда 6)." — *Големата борба, 660,661*.

**б. Што треба да се случи на крајот од 1.000-годишниот суд? Откровение 21:2; 20:7,8.**

---

„По истекот на овие илјада години, ќе настапи второто воскресение. Тогаш грешниците ќе воскреснат од мртвите и ќе се појават пред Бога за 'да го изврши над нив напишаниот суд'... А Исаија, за грешниците, изјавува: 'Ќе бидат собрани и затворени во јама, затворени во темница и казнети по многу денови' (Исаија 24:22)." — *Големата борба, 661.*

**в. Каков ќе биде конечниот крај на безбожниците? Откровение 20:9; Малахија 4:1.**

„Најпосле сите грешници ќе бидат уништени со огнот што ги чисти и коренот и гранките - сатаната како корен, а неговите следбеници како гранки. Казната за кршењето на Божјиот закон е целосно извршена, правдата е задоволена, а небото и земјата, набљудувајќи го сето тоа, ја признаваат Господовата праведност." — *Големата борба, 673*.

**а. Опишете го Божјото ветување дека повторно ќе создаде сè ново. Откровение 21:1,5; 22:1,2; Исаија 65:17.**

---

„Делото на спасение ќе биде довршено. На местото, каде што гревот изобилувал, Божјата милост ќе изобилува многу повеќе. Самата Земја, местото за кое сатаната тврди дека е негово, нема само да биде само откупена, туку и возвишена. Нашиот мал свет, кој поради проклетството на гревот претставува единствена темна дамка во Неговото величествено дело на создавање, ќе биде издигнат над сите останати светови во Божјата вселена. Овде, каде што Божјиот Син престојувал во облик на човек, каде што Царот на славата живеел, страдал и умрел овде, каде што Тој ќе допринесе сè наново, ќе биде Божјиот шатор со луѓето, ‘и Тој ќе живее со нив, и тие ќе бидат Негов народ и Сам Бог ќе биде со нив и ќе биде нивен Бог’. И низ бескрајните векови, додека спасените живеат во светлината на Господа, тие ќе Го фалат за Неговиот неискажлив Дар за Емануел ‘Бог со нас’“ — *Копнежот на вековите, 26*.

**б. Што ќе биде поинаку на новата земја? Исаија 65:21–25; Откровение 21:4.**

„Во небесната атмосфера не може да постои болка. Нема да има повеќе солзи, ниту погреби, нема да има знаци на жалост...

Во Божјиот град ‘нема да има ноќ’. Никој ќе нема потреба ниту ќе посака одмор. Нема да има замор при извршувањето на Божјата волја и прославувањето на Неговото име. Ние постојано ќе чувствуваме утринска свежина која никогаш нема да престане. ‘Не ќе има потреба од светило, ниту од сончева светлина, бидејќи Господ Бог ќе ги осветлува, и ќе царува во вечни векови’ (Откровение 22:5). Светлината на Сонцето ќе биде заменета со светлина чијшто блесок нема да им пречи на очите, а сепак, далеку ја надминува пладневната сончева светлина.“ — *Големата борба, 676*.

„Во Библијата наследството на спасените се нарекува татковина (Евреите 11:14-16). Таму небесниот Пастир го води Своето стадо на извори на жива вода. Дрвото на животот дава плод секој месец, а неговите лисја служат за здравје на народот. Таму течат потоци кои вечно жуборкаат, чисти како кристал, на чиишто брегови се нишаат дрвја кои ги фрлаат своите сенки врз патеките што Господ им ги подготвил на откупените. Таму пространите рамнини прераснуваат во прекрасни ритчиња, а Божјите гори ги издигнуваат своите возвишени врвови. Во овие тивки рамнини, покрај овие живи потоци, Божјиот народ, кој толку долго патувал и скитал, ќе го најде својот дом.“ — *Големата борба, 675*.

## 5. ПОВИК И БЛАГОСЛОВ

Четврток, 25. јуни

**а. Со кои зборови Исус сакаше да ги охрабри читателите на пророштвата запишани во книгата Откровение? Откровение 22:7,12–14.**

---

„Господ му ги открил на својот слуга тајните што се содржат во таа книга и Тој сака тие да му бидат достапни за проучување на секого кој има желба за тоа. Нејзините вистини се наменети за оние што живеат во последните денови од земната историја, исто како и за оние што живееле во деновите на Јована. Некои од настаните опишани во тоа пророштво му припаѓаат на минатото, некои се одигруваат сега, а некои ни го предочуваат крајот на големата борба меѓу силата на темнината и небесниот Кнез, додека некои го опишуваат триумфот и радоста на откупените на обновената земја.

Никој, затоа што не е во состојба да го објасни значењето и смислата на секој симбол даден во Откровението, нека не мисли дека поради тоа не е ниту потребно ниту корисно да ја истражува таа книга и да ги запознава вистините што се наоѓаат во неа. Оној, кој на Јована му ги открил овие тајни, и на трудољубивиот истражувач ќе му помогне во извесна мера да ги доживее тие небесни нешта. Луѓето, чиешто срце е отворено да ја примат вистината, ќе бидат во состојба да ги сфатат нејзините учења и тие ќе го добијат благословот ветен на оние ‘кои ја слушаат речта на пророштвото и држат што е напишано во него.’" — *Делата на апостолите, 584,585.*

**б. Како Христос нѐ повикува да најдеме вечен живот и мир преку Него? Откровение 22:17; Исаија 55:1; Јован 7:37,38.**

---

„Повикот што Христос го упатил кон жедните сѐ уште одѕвонува и тој повик ни се упатува и нам со уште поголема сила, отколку на оние кои го слушнале последниот ден од празникот. Изворот е достапен за секого. На уморните и исцрпените им се нуди освежувачка напивка на вечниот живот. Исус сѐ уште зборува: ‘Ако некој е жеден, нека дојде кај Мене и нека пие.’" — *Копнежот на вековите, 454.*

## ЛИЧЕН ПРЕГЛЕД НА ПРАШАЊАТА

Петок, 26. јуни

1. **Како последните зла ќе предизвикаат крај на овоземната историја?**
2. **Кој ќе може да опстане кога Христос ќе се врати?**
3. **Опиши ја целта на судот во текот на илјада години.**
4. **Каков ќе биде конечниот дом на искупените?**
5. **Дали со целото свое срце сакам да бидам дел од Божјото вечно царство?**

# *Белешки*

# БОГОСЛУЖБА ВО СЕМЕЈСТВОТО

# АПРИЛ - 2026.

| Дат. | Ден | Утринска молитва | Вечерна молитва | За оние кои немаат свед. |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Среда | 1 Тим. 3:14-16. | Коп. на век. 385. | Ис. 56:15,16. |
| 2. | Четврток | Дела 16:9-12. | Коп. на век. 385. | Пс. 118:1-8. |
| 3. | Петок | Дела 16:13-15. | Сонцето заоѓа во 19 00 | |
| 4. | Сабота | Псалм 16. | Сонцето заоѓа во 19 01 | |
| 5. | Недела | Дела 16:16-21. | Коп. на век. 387. | Ис. 58:5-7. |
| 6. | Понеделник | Дела 16:22-26. | Коп. на век. 388. | Ис. 58:8-11. |
| 7. | Вторник | Дела 16:27-34. | Коп. на век. 389. | Ис. 59:1-4. |
| 8. | Среда | Дела 16:35-39. | Коп. на век. 390. | Ис. 59:14-16. |
| 9. | Четврток | Дела 17:1-7. | Коп. на век. 390. | Ис. 59:17-21. |
| 10. | Петок | Дела 17:8-12. | Сонцето заоѓа во 19 08 | |
| 11. | Сабота | Псалм 17:1-8. | Сонцето заоѓа во 19 09 | |
| 12. | Недела | Дела 17:16-21. | Коп. на век. 392. | Ез. 7:25-27. |
| 13. | Понеделник | Дела 17:22-28. | Коп. на век. 393. | Ис. 61:1-3. |
| 14. | Вторник | Дела 17:29-34. | Коп. на век. 394. | Ис. 61:5-7. |
| 15. | Среда | Дела 18:1-4. | Коп. на век. 395. | Ис. 61:9-11. |
| 16. | Четврток | Дела 18:5-8. | Коп. на век. 395. | Ис. 62:1-4. |
| 17. | Петок | Дела 18:9-11. | Сонцето заоѓа во 19 16 | |
| 18. | Сабота | Псалм 18:1-6. | Сонцето заоѓа во 19 17 | |
| 19. | Недела | Дела 18:12-16. | Коп. на век. 398. | Ис. 63:1-4. |
| 20. | Понеделник | Дела 18:24-28. | Коп. на век. 399. | Ис. 63:5-8. |
| 21. | Вторник | Дела 19:1-7. | Коп. на век. 400. | Ис. 63:9-13. |
| 22. | Среда | Дела 19:8-12. | Коп. на век. 401. | Ис. 63:14-17. |
| 23. | Четврток | Дела 19:17-20. | Коп. на век. 401. | Ис. 64:1-4. |
| 24. | Петок | Дела 19:23-28. | Сонцето заоѓа во 19 24 | |
| 25. | Сабота | Пс. 18:23-32. | Сонцето заоѓа во 19 25 | |
| 26. | Недела | Дела 19:29-34. | Коп. на век. 403. | Ис. 65:8,9. |
| 27. | Понеделник | Дела 19:35-40. | Коп. на век. 404. | Ис. 65:16-18. |
| 28. | Вторник | Дела 20:7-11. | Коп. на век. 405. | Ис. 65:21-25. |
| 29. | Среда | Дела 20:19-23. | Коп. на век. 406. | Ис. 66:1,2. |
| 30. | Четврток | 1 Тим. 4:8-12. | Коп. на век. 406. | Ис. 66:22,23. |

# МАЈ - 2026.

| Дат. | Ден | Утринска молитва | Вечерна молитва | За оние кои немаат свед. |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Петок | Дела 21:8-14. | Сонцето заоѓа во 19 31 | |
| 2. | Сабота | Псалм 19:1-7. | Сонцето заоѓа во 19 33 | |
| 3. | Недела | Дела 21:17-21. | Коп. на век. 410. | Ерем. 1:1-5. |
| 4. | Понеделник | Дела 21:22-26. | Коп. на век. 411. | Ерем. 1:6-10. |
| 5. | Вторник | Дела 21:27-30. | Коп. на век. 412. | Ерем. 1:17-19. |
| 6. | Среда | Дела 21:31-36. | Коп. на век. 412. | Ерем. 2:2,3. |
| 7. | Четврток | Дела 21:37-40. | Коп. на век. 412. | Ерем. 2:5-7. |
| 8. | Петок | Дела 22:1-5. | Сонцето заоѓа во 19 39 | |
| 9. | Сабота | Псалм 19:8-14. | Сонцето заоѓа во 19 40 | |
| 10. | Недела | Дела 22:6-10. | Коп. на век. 415. | Ерем. 3:12-14. |
| 11. | Понеделник | Дела 22:11-16. | Коп. на век. 417. | Ерем. 3:17-19. |
| 12. | Вторник | Дела 22:17-21. | Коп. на век. 418. | Ерем. 3:22-25. |
| 13. | Среда | Дела 22:22-25. | Коп. на век. 418. | Ерем. 4:1-4. |
| 14. | Четврток | Дела 22:26-30. | Коп. на век. 418. | Ерем. 4:5,6. |
| 15. | Петок | Дела 23:1-5. | Сонцето заоѓа во 19 46 | |
| 16. | Сабота | Псалм 20. | Сонцето заоѓа во 19 47 | |
| 17. | Недела | Дела 23:6-9. | Коп. на век. 421. | Ерем. 4:23-26. |
| 18. | Понеделник | Дела 23:10-14. | Коп. на век. 422. | Ерем. 5:1-4. |
| 19. | Вторник | Дела 23:15-21. | Коп. на век. 423. | Ерем. 5:14,15. |
| 20. | Среда | Дела 23:22-27. | Коп. на век. 423. | Ерем. 5:17-21. |
| 21. | Четврток | Дела 23:28-35. | Коп. на век. 423. | Ерем. 5:22-24. |
| 22. | Петок | Дела 24:1-5. | Сонцето заоѓа во 19 53 | |
| 23. | Сабота | Псалм 24:6-10. | Сонцето заоѓа во 19 54 | |
| 24. | Недела | Дела 24:11-16. | Коп. на век. 426. | Ерем. 6:9-12. |
| 25. | Понеделник | Дела 24:17-22. | Коп. на век. 427. | Ерем. 6:13-17. |
| 26. | Вторник | Дела 24:23-27. | Коп. на век. 428. | Ерем. 6:18,19. |
| 27. | Среда | Дела 25:1-6. | Коп. на век. 428. | Ерем. 7:1-4. |
| 28. | Четврток | Дела 25:7-10. | Коп. на век. 428. | Ерем. 7:5-7. |
| 29. | Петок | Дела 25:11-14. | Сонцето заоѓа во 20 00 | |
| 30. | Сабота | Псалм 22:16-24. | Сонцето заоѓа во 20 00 | |
| 31. | Недела | Дела 25:15-19. | Коп. на век. 428. | Пс. 119:1-6. |

# ЈУНИ - 2026.

| Дат. | Ден | Утринска молитва | Вечерна молитва | За оние кои немаат свед. |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Понеделник | Дела 25:20-22. | Коп. на век. 429. | Ерем. 7:28-30. |
| 2. | Вторник | Дела 25:23-27. | Коп. на век. 430. | Ерем. 7:31-34. |
| 3. | Среда | Дела 26:1-5. | Коп. на век. 431. | Ерем. 8:1-3. |
| 4. | Четврток | Дела 26:6-10. | Коп. на век. 432. | Ерем. 8:19-22. |
| 5. | Петок | Дела 26:11-18. | Сонцето заоѓа во 20 05 | |
| 6. | Сабота | Псалм 23. | Сонцето заоѓа во 20 05 | |
| 7. | Недела | Дела 26:19-23. | Коп. на век. 432. | Ерем. 9:1-3. |
| 8. | Понеделник | Дела 26:24-27. | Коп. на век. 434. | Ерем. 9:4-9. |
| 9. | Вторник | Дела 26:28-32. | Коп. на век. 435. | Ерем. 9:12-14. |
| 10. | Среда | Дела 27:1-5. | Коп. на век. 436 | Ерем. 9:22-24. |
| 11. | Четврток | Дела 27:7-11. | Коп. на век. 437. | Ер. 10:10-12. |
| 12. | Петок | Дела 27:12-17. | Сонцето заоѓа во 20 09 | |
| 13. | Сабота | Псалм 24. | Сонцето заоѓа во 20 09 | |
| 14. | Недела | Дела 27:18-22. | Коп. на век. 439. | Ер. 10:13-16. |
| 15. | Понеделник | Дела 27:23-29. | Коп. на век. 439. | Ер. 10:23-25. |
| 16. | Вторник | Дела 27:30-34. | Коп. на век. 440. | Ер. 11:1-5. |
| 17. | Среда | Дела 27:35-40. | Коп. на век. 441. | Ер. 11:11-14. |
| 18. | Четврток | Дела 27:41-44. | Коп. на век. 442. | Ер. 12:1-3. |
| 19. | Петок | Дела 28:1-6. | Сонцето заоѓа во 20 11 | |
| 20. | Сабота | Псалм 25:1-6. | Сонцето заоѓа во 20 12 | |
| 21. | Недела | Дела 28:7-10. | Коп. на век. 444. | Ер. 11:6-10. |
| 22. | Понеделник | Дела 28:11-15. | Коп. на век. 444. | Ер. 7:8,9. |
| 23. | Вторник | Дела 28:16-20. | Коп. на век. 445. | Ер. 7:11-14. |
| 24. | Среда | Дела 28:21-23. | Коп. на век. 446. | Ер. 15:1-4. |
| 25. | Четврток | Дела 28:24-31. | Коп. на век. 448. | Ер. 15:15,16. |
| 26. | Петок | Рим. 1:8-12. | Сонцето заоѓа во 20 13 | |
| 27. | Сабота | Пс. 25:12-18. | Сонцето заоѓа во 20 13 | |
| 28. | Недела | 1 Тим. 6:13-16. | Коп. на век. 450. | Ер. 7:20-23. |
| 29. | Понеделник | 1 Тим. 6:17-21. | Коп. на век. 450. | Пс. 119:24-29. |
| 30. | Вторник | Лука 2:34-38. | Коп. на век. 451. | Пс. 119:41-48. |

# Дар во првата сабота



## Сабота, 4. април  2026.

### За седиштето на Италијанското поле

Време е да се прошири корисноста на овој центар на влијание во Италија за слава Божја. (види стр. 4)



## Сабота, 2. мај  2026.

### За светските мисии

На драгоцените души во темнината итно им е потребна сегашната вистина - и ние можеме да им помогнеме да ја добијат. (види стр. 25)



## Сабота, 6. јуни  2026.

### За молитвениот дом во Прага, Чешка

Да се кренеме и да изградиме споменик на Божја слава во овој историски град познат по Реформацијата! (види стр. 51)